


# ЕФИКАСНОСТА НА ПРАВНАТА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2025 ГОДИНА

# СОДРЖИНА

**Листа на кратенки** ... 3

ЗА ИЗВЕШТАЈОТ ... 4

ЗА КОРИСТЕНАТА МЕТОДОЛОГИЈА ... 5

ЗА ПРАВНАТА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РСМ ... 6

ДЕЛ 1 – ЧОВЕКОВИ ПРАВА ... 7

ПРИСТАП ДО ПРАВДА И ПРАВНА ПОМОШ ... 7

**Бесплатна правна помош како механизам за приближување на правдата до граѓаните** ... 7

**Правда во системот на институции во државата** ... 8

**Предизвици при спроведувањето на Законот за бесплатна правна помош** ... 8

**Реформи за подобрување на пристапот до правда за сиромашните граѓани и маргинализираните групи** ... 10

**Примарна правна помош – механизам преку кој граѓаните добиваат правна помош, упатување или состав на претставка** ... 10

**Случај 1: Дискриминација на работно место** ... 11

**Случај 2: Правна помош и упатства за состав на жалба против решение за одбивање право од социјална заштита** ... 12

**Случај 3: Експедитивно одобрена БПП за жртва на семејно насилство** ... 13

**Случувања во правосудството со влијание врз довербата на граѓаните** ... 15

ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ... 17

**Жртви на трговија со луѓе** ... 17

**Пристап до БПП** ... 18

**Закон за исплата на паричен надоместок на жртви на кривични дела со насилство** ... 18

**Судска практика** ... 19

ПРАВА ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ... 20

**Зголемен број поднесени претставки кај Народниот правобранител за повреди на правата од социјална заштита** ... 21

**Форми на повреда на правата од социјална заштита** ... 21

**МЗМП ѝ обезбеди правна помош на самохрана мајка во постапка за издавање изводи на родени за нејзините малолетни деца родени во странство.** ... 22

**Пресуди на Управниот суд на РСМ од областа на социјалната заштита (2025 г.)** ..23
ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ........ 24
**Перспективи на ЕК и граѓанскиот сектор за заштита од дискриминација** ........ 24
**Клучни трендови и резултати од постапувањето на КСЗД** ........ 24
**Состојба со родовата еднаквост** ........ 25
**Семејно и родово базирано насилство** ........ 25
**Започна образовниот процес за децата во Волковија** ........ 26
ПРАВО НА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА ........ 26
**Управување со води** ........ 26
**Управување со отпад** ........ 27
**Квалитет на воздухот** ........ 28
**Законодавна активност** ........ 29
**Судска заштита на животната средина** ........ 30
**ПРАВО НА ДРЖАВЈАНСТВО И ПРАВЕН ИДЕНТИТЕТ** ........ 31
**Бездржавјанство** ........ 31
ПРАВО НА АЗИЛ И ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА ........ 34
**Оневозможен пристап до пазарот на трудот за барателите на азил** ........ 34
**Пречки при остварување на правото на државјанство** ........ 35
**Права на бегалците од Украина** ........ 35
**Права на странци и мигранти** ........ 36
ПРАВО НА ПРИВАТНОСТ И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ........ 37
**Системски слабости во законската и во институционалната рамка** ........ 37
**Зголемен број злоупотреби на личните податоци и недоволна заштита на граѓаните** ........ 37
**Недоволна усогласеност и ризици од новиот Закон за електронските комуникации** ........ 38
**Дигиталното насилство врз жени и девојки како сериозен облик на нарушување на приватноста** ........ 39
ДЕЛ 2 – ЕВРОПСКИ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ........ 40
ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ........ 40
ИЗВРШУВАЊЕ ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ........ 45

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

БПП – Бесплатна правна помош

ДИТ – Државен инспекторат за труд

ЕКЧП – Европска конвенција за човекови права

ЕК – Европска комисија

ЕСЧП – Европски суд за човекови права

ЕУ – Европска Унија

ЗБПП – Закон за бесплатна правна помош

КЗ – Кривичен законик

КЗСД – Комисија за спречување и заштита од дискриминација

МВР – Министерство за внатрешни работи

МЖСПП – Министерство за животна средина и просторно планирање

МЗМП – Македонско здружение на млади правници

МОН – Министерство за образование и наука

ОЈО – Основно јавно обвинителство

РСМ – Република Северна Македонија

УВМК – Управа за водење на матичните книги

УС на РСМ – Управен суд на Република Северна Македонија

ЦСР – Центар за социјални работи

# ЕФИКАСНОСТА НА ПРАВНАТА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2025 ГОДИНА

## ЗА ИЗВЕШТАЈОТ

Македонското здружение на млади правници (МЗМП), со цел објективно да ги прикаже и да ги документира повредите на човековите права идентификувани во 2025 година, го подготви десеттиот Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија.

Извештајот се фокусира на правната заштита и се состои од два дела. Првиот дел содржи опис и кратка анализа на повредите на човековите права во 2025 година што се документирани од страна на тимот на МЗМП, кој активно работи на заштита на правата на граѓаните со фокус на најранливите категории. Извештајот ги опфаќа следниве области: пристап до правда и бесплатна правна помош во повеќе области, права на децата, приватност и заштита на личните податоци, право на здрава животна средина, право на социјална заштита, права од социјална заштита и права на деца и лица со попреченост, права од работните односи, дискриминација, трговија со луѓе, право на државјанство и правен идентитет, право на азил и интеграција на бегалците, права на странците и мигрантите.

Вториот дел ги содржи пресудите на Европскиот суд за човекови права донесени во 2024 година што се однесуваат на РСМ, а во кои се утврдува повреда на правата заштитени со Европската конвенција за човекови права, како и извршувањето на пресудите и одлуките на Европскиот суд за човекови права.

Во двата дела, Извештајот содржи практични примери, односно случаи. Во првиот дел, случаите се дел од работата на Здружението, или случаи што Здружението ги смета за значајни во областа.

## ЗА КОРИСТЕНАТА МЕТОДОЛОГИЈА

При изработката на овој Извештај, тимот на МЗМП користеше комбиниран пристап во однос на прибирањето на податоците, нивното документирање и анализа. Целта на Извештајот е да ги постигне следниве истражувачки цели: да ги опише повредите на човековите слободи и правата што се идентификувани од страна на Здружението, да направи кратка анализа на одредени повреди, да ја прикаже ефикасноста на постојните правни средства и механизми и да даде препораки во однос на определени проблеми во правниот систем на РСМ.

Податоците што се однесуваат на идентификуваните повреди на човековите права се прибрани преку следниве извори на податоци:

1. Документирани пријави и прибрани информации од граѓани што се обратиле до МЗМП;

2. Постапки поведени и поддржани од МЗМП;

2. Документирани правни совети обезбедени од страна на Здружението при давањето бесплатна правна помош;

4. Следење релевантни меѓународни и национални извештаи што се однесуваат на заштитата на човековите права во РСМ, изработени од страна на домашни или странски организации или институции;

3. Следење и увид во објави на медиумите што се однесуваат на случаи на повреда на човековите права;

5. Увид во пресудите донесени од ЕСЧП.

Ефикасноста на правните средства се анализира преку следење податоци за работата на институциите што имаат надлежност во заштитата на човековите права, преку правна анализа на нивните одлуки, како и преку користење на методот студија на случај. Овој метод овозможува преку анализа на конкретен случај, за кој е обезбедена правна помош во рамките на активностите на МЗМП, да се утврди ефективноста на правните средства во практиката.

Временскиот период опфатен со Извештајот е од 1 јануари 2025 до 1 декември 2025 година.

## ЗА ПРАВНАТА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РСМ

Човековите права претставуваат основни права и слободи што му припаѓаат на секое лице во светот еднакво, од раѓањето, без оглед на тоа од каде доаѓа лицето, во што верува или како избира да го живее својот живот. Тие не може да бидат ограничувани бидејќи се темелат врз заеднички вредности, како што се достоинство, непристрасност, правичност, еднаквост, почит и независност. Овие права се гарантирани со многубројни национални и меѓународни инструменти.

Основните права и слободи, како и владеењето на правото се темелни вредности на уставниот поредок на РСМ. Како највисок правен акт на државата, Уставот дефинира листа на слободи и права[1], а со ратификуваните меѓународни договори[2], како дел од внатрешниот правен поредок, се дава можност за вклучување дополнителни слободи и права што не се предвидени во Уставот.

Заштитата на слободите и правата се остварува преку гаранциите на основните слободи и права[3]. Основната гаранција што ја предвидува Уставот е можноста за заштита пред домашните судови и Уставниот суд на РСМ во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност.

Останатите гаранции за заштита на човековите права што ги предвидува Уставот вклучуваат и судска заштита на законитоста на поединечните акти и активно запознавање на граѓаните со нив. Покрај овие гаранции, заштитата се остварува по пат на почитување на принципот на владеење на правото (уставност, законитост, јавно објавување на законите, период *vacatio legis*, забрана за ретроактивно дејство на прописите, како и независна и самостојна адвокатура). Ограничувањето на слободите и правата е единствено дозволено во случаи утврдени со Уставот или за време на воена и вонредна состојба на начин утврден со Уставот.

[1] Член 118, Устав на РСМ.
[2] Член 50-54, Устав на РСМ.
[3] Член 50-54, Устав на РСМ.

# ДЕЛ 1 – ЧОВЕКОВИ ПРАВА

## ПРИСТАП ДО ПРАВДА И ПРАВНА ПОМОШ

**Бесплатна правна помош како механизам за приближување на правдата до граѓаните**

Пристапот до правда е поим што ги обединува ефективниот и еднаквиот пристап до правни средства, пристапот до определени права и пристапот до институција пред која ќе се одлучува за тоа право. Без пристап до правда, сите права на човекот и граѓанинот остануваат декларативни. Бесплатната правна помош е практичен механизам што го реализира овој принцип: обезбедува адвокатска/правна поддршка за лица што не може да си ја дозволат, со што се заштитуваат правото на правично судење, пристапот до судови и ефикасната правна заштита. Без постоење на ова право, безимотните граѓани и ранливи групи лица остануваат системски исклучени. Ефективната бесплатна правна помош ја подобрува и ја враќа вербата во правосудството и во институциите, намалувајќи ги ефектите на правно изолирање.

Постојат низа меѓународни и европски стандарди што го втемелуваат правото на правна и бесплатна правна помош. Така, според Принципите и упатствата на ОН за пристап до правна помош (UN Principles & Guidelines on Access to Legal Aid), секој што е лишен од слобода или не може да си дозволи адвокат има право на правна помош, а таа помош треба да биде навремена, квалитетна и достапна. Основните принципи на ОН/Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права за улогата на адвокатите (UN/OHCHR Basic Principles on the Role of Lawyers) нагласуваат независност на правниците и гаранции за неопходните услови за работа во интерес на клиентите, вклучително и пристап до правна помош. Препораките на Советот на Европа за бесплатна правна помош даваат практични насоки за дизајн на национални системи за бесплатна правна помош, конкретно се осврнуваат на опфат, финансии, управување, ефективност, заштита на ранливите групи итн. Директивата на ЕУ за правото на правна помош во кривичните постапки (2016) поставува минимални правила за право на адвокат, начин на поднесување барање, рокови и сл. И Европскиот суд за човекови права воспоставува низа стандарди преку своите пресуди, од кои клучна е пресудата за случајот *Airey v. Ireland (1979)*. Во оваа пресуда, Судот установил дека државите имаат позитивна обврска да обезбедат правна помош и во граѓански постапки, кога сложеноста и трошоците го прават невозможен пристапот до суд.

Во РС Македонија постои Закон за бесплатна правна помош од 2019 година, кој го реформираше системот, ги олесни условите, го вклучи вештачењето во опсегот и ги зајакна давателите на примарна правна помош преку овозможување влез во системот за правните клиники од

реномирани правни факултети од државата. Во Извештајот од 2025 г. за напредок на Северна Македонија, Европската комисија оценува дека државата има солидна мрежа за обезбедување примарна и секундарна правна помош, додека, пак, правната рамка за процедурални права на осомничени и обвинети, како и права на жртви на криминал е делумно усогласена со законодавство на ЕУ и потребно е понатамошно подобрување. Најголемата забелешка е тоа што системот за правна помош во кривични постапки мора да биде дополнително зајакнат за да се подобри пристапот до правда, како и да се зајакне застапувањето за интересите на жртвите на криминал.

## Правда во системот на институции во државата

Во Извештајот од анкети на тема Пристап до правда во Северна Македонија 2022-2025 г. на Институтот за човекови права, резултатите покажале дека мнозинството граѓани не веруваат дека може да се добие правда во системот на институции во државата, односно речиси една четвртина од граѓаните (23,7 %) сметаат дека правда не може да се добие никогаш, а дополнителни една третина (33,1 %) сметаат дека правда може да се добие само по исклучок, односно многу ретко. Перцепциите на граѓаните се слични и во врска со тоа колку институциите (судови, инспекторати, управни органи) постапуваат независно и непристрасно, па околу една петтина од граѓаните (21,6 %) сметаат дека институциите никогаш не постапуваат независно и непристрасно, а дополнителни 32,7 % (околу една третина) сметаат дека тоа може да се случи само по исклучок, односно многу ретко.

## Предизвици при спроведувањето на Законот за бесплатна правна помош

Во периодот од март до декември 2025 година, Советот на Европа организираше два состаноци на Националното координативно тело за БПП. Едни од заклучоците на овие состаноци се:

- Бројот на поднесени барања за секундарна правна помош континуирано бележи пад од 2021 година. Причините за ова вклучуваат недоволно човечки ресурси во одредени клучни урбани центри, недоволна информираност на граѓаните и ограничената листа на правни прашања за кои може да се одобри секундарна правна помош.
- Потреба од подобрување на статистиките врз основа на кои се изработува Извештајот за годишна примена на Законот за бесплатна правна помош.
- Зголемување на буџетот за бесплатна правна помош за следната година, затоа што ќе започне исплатата на вештаците. Потреба од разработување методологија за планирање буџет што ќе ги земе предвид бројот на предмети, видовите предмети, просечните трошоци по предмет со цел да се обезбеди попрецизно планирање.

- Системот не е одржлив за давателите на примарна правна помош, односно за правните клиники и здруженијата овластени за БПП, бидејќи Министерството за правда и оваа година не ја исполни законски утврдената обврска од членот 11 од Законот за бесплатна правна помош за објавување јавен конкурс за финансирање.
- Во септември 2024 година беа изгласани неопходни и итни измени на Законот за бесплатна правна помош, бидејќи со новиот Закон за вештачење во 2023 година, Бирото за судски вештачења престана да врши вештачења и многу случаи за бесплатна правна помош останаа заглавени во судовите. Во текот на 2025 година е подготвен Правилник за формата и содржината на образецот на трошковник за награда и надоместок на извршено вештачење и супервештачење, како и Упатство за примена на Законот за бесплатна правна помош во однос на вршењето вештачење за корисници на секундарна правна помош.
- Подрачните одделенија сѐ уште се соочуваат со предизвици во нивната работа што произлегуваат од: 1. Нивната неповрзаност со Агенцијата на катастар на недвижности, при што не се во состојба навреме да прибават податоци за имотната состојба на барателите; 2. Уверенијата што ги издава УЈП за финансиската состојба на барателите не се соодветни за да се утврди приходот, бидејќи се издаваат за претходната година, а не и за последните 6 месеци, како што е предвидено со ЗБПП; 3. Слабата комуникација со Министерството за внатрешни работи, кое доставува податоци за сопственост на моторно возило на барателот неколку месеци подоцна.
- На долг рок, неопходно е зголемување на ефикасноста на системот за беспатна правна помош преку унифицирање на управувањето на системите за бесплатна правна помош (во граѓански, кривични и управни материи) преку формирање и воспоставување едно специјализирано тело.
- ЗБПП мора да претрпи измени, а, врз основа на тоа, Министерството за правда мора итно да формира работна група со цел започнување процес за детални измени и дополнувања на Законот со вклучување на сите засегнати страни.

Во системот за бесплатна правна помош постојат ограничени финансиски и човечки ресурси, нерамномерна територијална покриеност и административни пречки што го отежнуваат користењето на правната помош. Иако системот покажува напредок преку соработката со проекти на невладини здруженија, недостигаат стабилно финансирање, подобрен мониторинг, навремена постапка условени од подобрувањето на меѓуинституционалната соработка и доволен број обучени даватели на правна помош. Овие празнини го ограничуваат ефективниот пристап до правда и укажуваат на потребата од системски реформи.

## Реформи за подобрување на пристапот до правда за сиромашните граѓани и за маргинализираните групи

Во моментот на подготовка на овој Извештај, достапен е Годишен извештај за спроведување на развојната секторска стратегија за правосудство во 2024 година. Подобрувањето на пристапот до правда за граѓаните што живеат во сиромаштија и за маргинализираните групи е Посебната цел 1.7 за приоритетната област 1. Судство и јавно обвинителство во согласност со стандардите на ЕУ. Генералната оцена за напредокот во спроведувањето на мерките од оваа посебна цел укажува на системска стагнација и недоволна институционална координација.

Постојат три целосно неспроведени мерки – реформата на законодавството за БПП, операционализирањето на одбраната за сиромашни и мерките за подигнување на свеста кај ранливите групи преку објавување јавни конкурси за финансиска поддршка на здруженија и правни клиники. Овие мерки се суштински столбови без кои системот не може да биде ниту функционален, ниту достапен. Останатите три мерки се делумно спроведени (односно започнати и во тек) и се однесуваат на: унапредување на институционалната рамка за управување со системот; воспоставување систем за обука и следење и евалуација на квалитетот на дадената примарна и секундарна правна помош; и зајакнување на капацитетите на националното координативно тело за бесплатна правна помош. Делумното спроведување на овие мерки **покажува волја за напредок, но нивната поврзаност со неспроведените активности ја ограничува нивната ефективност** – особено отсуството на методологија за мониторинг и евалуација, што надзорот врз квалитетот на услугите го прави слаб и непостојан.

## Примарна правна помош – механизам преку кој граѓаните добиваат правна помош, упатување или состав на претставка

Во 2025 година, заклучно со почетокот на декември, а во согласност со правилата од ЗБПП, МЗМП обезбеди примарна правна помош за 492 лица (198 машки, 294 женски, а за дел нема податок бидејќи се обратиле написмено), што претставува за 30 % повеќе во споредба со 2024 година, кога правна помош била обезбедена за 346 лица.

На 492 лица им е дадена општа правна информација; на 234 лица им е даден општ правен совет; на 36 лица им е помогнато во состав на едноставни обрасци издадени од државен орган; и на три лица им е помогнато за состав на претставки. Од статистиката се забележува дека за едно лице се давани повеќе правни совети и информации за различни правни области. 65 прашања биле од имотноправен карактер; 38 биле од областа на права од социјална заштита и социјално осигурување; 37 биле од областа на заштита на деца и правда за деца; 14 биле од областа на пензиско и инвалидско осигурување; 8 биле од областа на здравствено осигурување и здравствена заштита; 27 биле од областа на работни односи и спорови; 21 биле од областа на родово базирано и семејно насилство; 28 биле статусни прашања; 16 се однесувале за заштита на човекови права; и 149 биле други прашања.

Во 2025 година, МЗМП поднесе 18 барања за БПП, што претставува намалување за приближно 18 % за 2024 година, кога биле поднесени 22 барања за бесплатна правна помош. Од вкупно 18 поднесени барања, 10 се одобрени, 1 е повлечено, а 3 се во постапка за одлучување. 10 од поднесените барања се однесуваат на заштита на жртви на трговија со луѓе или жртви на насилство и жртви на семејно насилство; 4 се однесуваат на развод на брак; и по едно за утврдување татковство, иселување од стан, инвалидска пензија и управна постапка за добивање согласност за добивање пасош за малолетно дете.

### Случај 1: Дискриминација на работно место

Во МЗМП се обрати странка што била одјавена од работен однос во приватна фирма. Непосредно пред да биде одјавена, започнала постапка за биомедицинско потпомогнато оплодување (ин витро). За време на користењето годишен одмор, таа ја известила фирмата за датумот на интервенција и потребата од боледување во времетраење од две недели. По извршената интервенција, матичниот лекар ја информирал дека не може да отвори боледување, бидејќи странката немала здравствено осигурување. Потоа било утврдено дека фирмата ја одјавила од работен однос ретроактивно шест дена претходно, поради што работниот однос формално престанал кога користела законски годишен одмор. Со тоа ѝ бил оневозможен пристапот до здравствено осигурување и користењето права од работен однос, а била принудена постапката за ин витро да ја плати приватно, иако претходно била одобрена од Фондот за здравствено осигурување. Покрај фактот што странката не била бремена во моментот на отказот, сепак плановите за бременост и постапката за ин витро се причина за прекинот на работниот однос, што потенцијално би довело до користење права за време на бременост, раѓање и родителство. Таа воопшто немала потпишано договор, а работодавачот ја одјавил од АВРСМ поради истекот на договорот на определено време.

Преку правната помош добиена од МЗМП, лицето поднесе иницијатива за инспекциски надзор до Државниот инспекторат за труд (ДИТ), а МЗМП поднесе претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) со цел утврдување дискриминација по основ на пол, род и бременост. По извршен инспекциски надзор од ДИТ, органот утврди дека престанокот на работниот однос е незаконски и дискриминаторски, а констатирани се повеќе повреди од Законот за работните односи во врска со склучувањето договор за вработување, престанокот на работниот однос, користењето права од работен однос и забраната за дискриминација. КСЗД даде мислење дека постои директна интерсекциска дискриминација по основ на пол, род и планирана бременост во областа на работата и работните односи. Во мислењето, КСЗД констатира дека странката се соочила со неповолен третман што резултирал со отказ како

последица на подложување на биомедицинско потпомогнато оплодување, што укажува на интенцијата за бременост.

По констатираните повреди, ДИТ изрече инспекциска мерка опомена, со насока работодавецот во рок од 15 работни денови да ја врати странката на работното место и да ја пријави во задолжителното социјално осигурување од денот на престанокот на работниот однос. Поради непостапување според насоките на ДИТ, направен е контролен инспекциски надзор и изречена е глоба за сторен прекршок, но, сепак, работодавецот не постапил според насоките на надлежниот орган. Со мислењето, КСЗД даде препорака фирмата да ѝ го надомести износот за процедурата за ин витро, како и да донесе внатрешна политика во насока на еднаков третман на работничките и заштита од дискриминација на работничките што се мајки или кои планираат да бидат мајки. Исто така, даде и препорака да се воздржат од практики што доведуваат до нееднаков третман и дискриминација. По завршувањето на овие постапки, МЗМП на странката ѝ обезбеди правна помош во форма на правни совети, насоки и информации за покренување судска постапка со цел утврдување дискриминација и надоместок на материјална и нематеријална штета.

## Случај 2: Правна помош и упатства за состав на жалба против решение за одбивање право од социјална заштита

Лице на 60-годишна возраст во инвалидска количка и сериозни здравствени дијагнози се обрати во МЗМП за правна помош. Веќе една година користи право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице. Со решението за одобрување на правото, закажан му е контролен преглед пред Стручна комисија за преоценување на здравствената состојба и за продолжување на правото. Лицето користи и право на надоместок поради попреченост (најтежок вид телесна попреченост). По појавување на закажаниот контролен преглед, односно неколку месеци подоцна, ЦСР му доставил решение за одбивање на барањето.

Постапката е водена на конфузен и контрадикторен начин. Иако лицето уредно постапувало по сите обврски утврдени од решението на ЦСР, добивало нејасни и спротивставени упатства од ЦСР и од Стручната комисија. Неколку дена пред закажаниот контролен преглед, лицето поднело барање за продолжување на правото и потоа било повикано од ЦСР каде што го информирале дека треба да поднесе ново барање. На денот на закажаниот контролен преглед се јавило пред Стручната комисија и ја доставило потребната медицинска документација. Приближно еден месец подоцна, комисијата го информирала да поднесе нова медицинска документација со ново мислење од матичен лекар (Бартелов индекс),

по што повторно закажало термин преку матичен лекар. На новиот термин му било кажано дека комисијата не се состанува, па требало да ги остави само документите. Во меѓувреме, повторно го повикале во ЦСР за да поднесе ново барање со усно образложение дека претходните не важат. По три и пол месеци, ЦСР го донело решението со кое му го одбило барањето со образложение дека кај лицето повеќе не постои потреба од помош и нега од друго лице. Лицето има право на жалба во рок од 15 дена, па затоа се обрати во МЗМП за правна помош: насоки, правни совети и правни информации.

На лицето, МЗМП му обезбеди правна помош во форма на правни информации, правни совети и насоки за тоа како да ја состави жалбата. Според мислењето на МЗМП, станува збор за неправилно решение, незаконско, нејасно и контрадикторно, целосно на штета на лицето, како и со очигледни повреди на фактичката состојба, материјалното право, како и повреда на правилата на постапката што му претходела на донесувањето на актот. Преку правната помош добиена од МЗМП (во форма на совети и информации) лицето поднесе жалба. Во моментов, постапката по жалба е во тек.

## Случај 3: Експедитивно одобрена БПП за жртва на семејно насилство

Странката се обрати во МЗМП со цел да добие информација во однос на тоа како да се заштити себеси и нејзините две деца од насилниот сопруг. Како последица на семејното насилство, барателката веќе добила БПП во постапка за развод на брак. Но, по добивањето на тужбата за развод на брак, состојбата во брачната заедница ескалирала со тоа што барателката постојано трпела закани по нејзиниот живот и по животот на нејзините блиски. Исто така, неколку месеци пред поднесувањето на тужбата за развод, надлежниот суд донел решение за изрекување 2 привремени мерки против нејзиниот сопруг, па му забранил да се заканува дека ќе изврши семејно насилство и му забранил да врши семејно насилство. Времетраењето на мерките веќе било завршено, па насилниот сопруг постојано вршел различни форми на насилство. Последниот настан бил обивање на влезната врата од станот, што било пријавено и во полициска станица, а потоа и заканување од него дека ќе посегне по нејзиниот живот со користење ладно оружје.

Преку МЗМП беше поднесено ново барање за секундарна правна помош, но овој пат без утврдување на финансиската состојба поради итноста на правното прашање. По поднесувањето на барањето, МЗМП оствари контакт со овластеното службено лице што го презеде предметот. Благодарејќи на респонзивноста и на овластеното службено лице во подрачното одделение, на странката во најбрз можен рок ѝ беше одобрено барањето и ѝ беше назначен адвокат со чија помош

поднесе предлог до надлежниот суд за изрекување привремени мерки за заштита од семејно насилство.

Судот, исто така во итно спроведена постапка и по претходна оцена и процена за постоење непосреден ризик за безбедноста и животот на жртвата, утврдил дека кај сопругот на странката има индиции за сторување насилство и целата постапка ја проценил како постапка од итен карактер. Поради тоа, **Судот ги прифати сите предложени мерки за заштита од семејно насилство, вон рочиште, поради изложеноста на странката на континуирано насилство и потреба од итна интервенција со изрекување конкретни мерки што ќе бидат ефективни**. Судот изрече 6 привремени мерки, и тоа: 1. Забрана за малтретирање, вознемирување, телефонирање, контактирање или на друг начин директно или индиректно комуницирање со жртвата во времетраење од 12 месеци; 2. Забрана за приближување на растојание помало од 100 метри до живеалиштето, училиштето, работното место или друго место што редовно го посетува жртвата во времетраење од 12 месеци; 3. Отстранување од домот во времетраење од 30 дена; 4. Задолжување на сторителот да ѝ ги врати предметите потребни за задоволување на секојдневните потреби на жртвата во времетраење од 12 месеци; 5. Задолжување на насилникот да посетува советувалиште за насилство врз жени и семејно насилство во времетраење од 12 месеци под надзор на надлежен ЦСР; и 6. Задолжување да се јави на задолжителен преглед во психијатриска болница заради утврдување на неговата здравствена состојба и потреба од лекување од зависности.

Случајот е исклучително значаен бидејќи илустрира до кој степен може правната заштита да биде прашање на живот и смрт и колку е неопходно институциите навреме да реагираат за да спречат понатамошно насилство. Странката се обрати во МЗМП барајќи информации во однос на тоа како да се заштити себеси и своите деца од насилниот сопруг, чие насилство ескалирало со закана за употреба на ладно оружје. Повеќе од очигледно е дека станува збор за состојба на непосреден ризик. Во ваков контекст, навременото постапување на овластеното службено лице во подрачното одделение беше клучно – барањето за секундарна правна помош беше одобрено итно и без дополнителни проверки, што ја демонстрира зрелоста на системот да препознае итен случај. Судот, постапувајќи со истата сериозност, без одлагање ги прифати предложените мерки и изрече шест привремени мерки за заштита. Овој пример ја нагласува важноста на брзата меѓуинституционална координација и претставува добар модел на системско препознавање и одговор на семејно насилство.

## Случувања во правосудството со влијание врз довербата на граѓаните

Во јули 2025 година, Европската комисија го објави Годишниот извештај за Владеење на правото во Северна Македонија. Во Извештајот е нотирано/забележано дека, според Стратегијата 2024–2020, судската реформа формално е во тек, но реализацијата е слаба бидејќи во 2024 година изнесува 42,9 %. Независноста на судовите е доведена во прашање бидејќи само 28 % од населението и 26 % од бизнис-секторот во 2025 година оценуваат дека судовите се независни. Во Извештајот е наведено дека главните причини за недоверба се: притисоци од други државни гранки, упатувања кон промена на членови на судски тела, иницијативи за разрешување обвинители поради политички основи и слично. Преземени се некои мерки за зголемување на транспарентноста (нови правила за селекција на судии, јавно објавување одлуки, дозволено медиумско присуство на судења, дигитализација на некои процеси и сл.), но оценети се како нееднакво применети и често слабо оправдани, што ја ограничува нивната ефективност. Судската ефикасност е во постојано опаѓање поради недостигот на кадри и финансии, бројот на вработени останува под минимум, а роковите на судењата се значително продолжени. Во борбата против корупцијата, состојбата е речиси непроменета, иако се забележува извесен пораст на обвиненијата.

Конкретно, 2025 година ја одбележуваат неколку настани од оваа област:

Загрозување на независноста и законитоста на Академијата за судии и јавни обвинители преку одлука на Управниот одбор на Академијата за судии и обвинители да го назначи посебниот советник на министерот за правда како член на Програмскиот совет на Академијата.

Како член на овој совет може да се назначи раководен државен службеник со најмалку 8-годишен работен стаж на работи од областа на правосудството по положен правосуден испит, но не и посебен советник на министерот за правда, бидејќи неговата позиција е ангажман на определено време според Законот за вработените во јавниот сектор. Поврзаноста на кандидатот со одредена политичка партија и кандидатура за пратеник сериозно можеше да ја наруши перцепцијата за независност и непристрасност на Академијата, особено во процесот на избор и обука на идните судии и јавни обвинители. Тоа беше спречено со негово повлекување од поднесената номинација.

Неконзистентноста во начинот на кој Судскиот совет го спроведе изборот на в. д. претседател на Основниот кривичен суд Скопје создаде сериозни сомнежи за транспарентноста и еднаквиот третман. Непостојаноста во начинот на кој Судскиот совет го избра в. д. претседателот на Основниот кривичен суд Скопје создаде сериозни сомнежи за транспарентност и еднаков третман. Иако законската рамка не утврдува детални критериуми, досегашната практика бараше да се наведе причината за предлогот и да се почитува принципот на „последно спроведено оценување“. Во други судови, Советот го продолжуваше мандатот на постојниот в. д. претседател или назначуваше судија со најголем стаж или највисоки оцени. Во овој случај, и покрај тоа што во 2025 година беше извршено оценување на судиите во судот, не беше објаснето дали избраниот кандидат има највисоки бодови. Ненаведувањето релевантни факти и отстапувањето од претходната практика го доведуваат во прашање кредибилитетот на постапката и сугерираат потенцијална пристрасност или влијание врз одлуката на Советот.

Укинувањето на стручните критериуми за назначување директор на Бирото за јавна безбедност предизвика дополнителни причини за поткопување на владеењето на правото. Ова беше предложено со измените на Законот за полиција, па наместо досегашниот критериум за поседување високо стручно образование од областа на безбедноста, правото, одбраната или економијата, предложено беше лицето да има завршено какво било високо образование од областа на општествените науки. Во суштина, станува збор за сериозен удар врз владеењето на правото и стандардите за професионалност и компетентност. Преку овој пристап се ризикува да се отвори простор за политички назначувања без соодветни квалификации; да се девалвира знаењето како предуслов за водење институции; да се поткопа довербата на граѓаните во институциите и нивната легитимност; да се наруши принципот на еднаквост, со што лицата со професионална подготовка се изедначуваат со оние без релевантни знаења и искуство. Но, и покрај сè, измените на законот беа објавени во „Службен весник на РСМ“ бр. 160 од 5.8.2025 година, што во иднина би имало директно влијание врз правата на граѓаните, пристапот до правда и квалитетот на јавните услуги.

Во ноември 2025 година започна судењето за трагичниот пожар во импровизираната дискотека „Пулс“ во Кочани, за што се очекува судската власт да обезбеди јавна, правична и непристрасна постапка и фер третман за сите учесници во постапката, целосна одговорност за сите што со своите постапки или пропусти придонеле за трагедијата и заштита на достоинството на жртвите и нивните семејства во текот на процесот. МЗМП како член на Блупринт групата за реформи во правосудството ќе го следи судскиот процес. Потребно е семејствата на починатите да добијат особено сензитивен и одговорен пристап што ќе покаже дека државата ги слуша и ги зема предвид нивните стравови и грижи. Наместо напаѓање и чувство на изложеност на различни притисоци, клучно е постапката да се води целосно транспарентно (Независноста на судиите загрозена поради од постојано мешање на извршната и законодавната власт). Поради тоа, Блупринт групата за реформи во правосудството ја поддржа реакцијата на Судскиот совет, Врховниот суд и на Здружението на судии, нагласувајќи дека неаргументираните напади врз судството го поткопуваат демократскиот принцип на рамнотежа меѓу трите власти и дека од суштинско значење е да се почитува судската власт како независна власт за да се зачуваат владеењето на правото и европската перспектива на земјата. Токму тоа е истакнато и во Извештајот на ЕК, каде што јасно е нагласено дека најголемиот проблем во судството е независноста на судиите, која е поткопана од постојаното мешање на извршната и законодавната власт. Овие институции треба да продолжат со проактивно и координирано дејствување за зајакнување на независноста и професионалноста на судството.

Можеби најголемиот настан што ја одбележа 2025 година од областа на правосудството беше изборот на кандидат за судија во Европскиот суд за човекови права. По поништувањето на првата постапка и распуштањето на првата комисија за избор на кандидати за судија во Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), Владата на Република Северна Македонија донесе одлука за формирање нова комисија и распишување нов јавен конкурс. Одлуките за поништување на првата постапка, распуштањето на комисијата и нејзиното повторно формирање не беа јавно достапни, ниту, пак, беа придружени со образложение, што уште на почетокот го доведе во прашање степенот на транспарентност и отчетност на процесот на номинирање судија во ЕСЧП. Загрижува начинот на

спроведување на постапката поради тоа што токму овој избор претставува тест за институционалната зрелост и демократскиот капацитет на државата. Блупринт групата за реформи во правосудството подготви Извештај што ги обединува претходните реакции и анализи со наодите од независното набљудување на интервјуата, со цел да се даде целосен и објективен преглед на процесот за избор на судија во Европскиот суд за човекови права.

Во повеќе случаи во 2025 година имаше сериозни ризици од нарушување на независноста, професионалноста и законитоста во правосудниот систем. Политичкото влијание врз Академијата за судии и јавни обвинители, Судскиот совет и безбедносните институции ги поткопува владеењето на правото и јавната доверба. Неконзистентните и нетранспарентни изборни постапки дополнително го ослабуваат кредибилитетот на институциите. Трагичниот случај „Пулс" уште еднаш ја истакна потребата од чувствителен, фер и транспарентен судски процес. Целосно земено, состојбата ја нагласува потребата од итни реформи и почитување на независноста на судството како предуслов за европска перспектива на државата.

# ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

## Жртви на трговија со луѓе

Во 2025 година се откриени две жртви на трговија со дете (незаконско посвојување и присилен брак) и 3 претпоставени жртви на трговија со луѓе, две возрасни лица и едно дете (сексуална експлоатација и присилен брак). Во однос на *модус операнди*, кој се користи од страна на трговците, сè почесто е регрутирањето на жртвите преку социјалните мрежи (методи на целно регрутирање и масовно привлекување („hunting and fishing").

Според извештаите на Обединетите нации, на глобално ниво, главниот вид експлоатација на жртвите сè уште е сексуалната експлоатација (78 %), а како жртви најмногу се јавуваат жени и деца. Трудовата експлоатација сè уште не е доволно откриена во однос на ризиците што ги имаат лицата ангажирани во областите како што се градежништвото, текстилната индустрија и угостителството.

Во 2025 година се спроведе **четвртиот круг на евалуација од страна на ГРЕТА**[4] во однос на спроведувањето на Конвенцијата за акција против трговијата со луѓе од страна на Северна Македонија. Четвртиот круг на евалуација е фокусиран на ранливостите од трговијата со луѓе и мерките преземени за спречување на трговијата, идентификација и поддршка на ранливите жртви, како и гонење на сторителите.

[4] Group of Experts on Action against Trafficking in Human Beings/Група експерти за акција против трговијата со луѓе.

## Пристап до БПП

Навременото обезбедување пристап до правна помош, како и можноста за бесплатна правна помош на жртвите се исклучително важни за да може жртвата да биде известена навреме, да одлучи како ќе постапува и кои права и процесни можности ќе ги ползува со цел да биде соодветно заштитена.

Во РС Македонија, правното советување за жртвата е достапно во практиката преку примарната бесплатна правна помош. Правната помош за жртвата во кривичната постапка е предвидена во националното законодавство и нема пречка во остварувањето на ова право кога жртвите сами си обезбедуваат адвокат во постапката. Иако се нотирани подобрувања во постапувањето, системот за обезбедување правна помош на жртвите на товар на буџетот на државата во кривичната постапка сѐ уште не е целосно функционален. Недостигаат јасни одредби за подобар пристап на жртвите, особено на децата, до бесплатна правна помош. Овие недостатоци се очекува да се решат со новиот Закон за бесплатна правна помош. Според тоа, сѐ уште не може да се каже дека е воспоставен ефективен пристап за жртвите до бесплатна правна помош.

Позитивна практика е тоа што во итна постапка се одобрени шест барања за бесплатна правна помош (БПП) и назначен е адвокат за претпоставени и жртви на трговија со луѓе од страна на Министерството за правда. Адвокатот е назначен за нивно застапување во кривична постапка и постапка за развод на брак. Министерството за правда постапило согласно последните препораки на ГРЕТА, односно покажа дека одделот во Министерството за правда што е одговорен за бесплатна правна помош е сензибилизиран поради важноста на правната помош за жртвите на трговија со луѓе и презема чекори за да ги информира за соодветните процедури и да им овозможи пристап до правна помош[5].

## Закон за исплата на паричен надоместок на жртви на кривични дела со насилство

Законот (објавен во „Службен весник“ бр. 247/2022 година) е од големо значење за сите жртви на кривични дела со насилство, бидејќи според анализите на експертската јавност, тој ќе овозможи подобра заштита за жртвите на насилство и ќе го подобри нивниот пристап до правда. Целта на Законот е жртвата да може да добие надоместок на штета во најраната фаза, пред да биде правосилно завршена постапката, дури и кога против сторителот не е поведена кривична постапка, освен, по исклучок, кога основот и висината на надоместокот не може да се утврдат без правосилно завршена кривична постапка. Но, и тогаш, Законот предвидува одлуката да се донесе во рок од три месеци од денот на правосилноста на пресудата во кривичната постапка.

Преку адвокати, МЗМП поднесе две барања за компензација за жртви на трговија со луѓе. Од досегашната практика на одлучување на Комисијата за паричен надоместок за жртви на насилен криминал, по поднесени 56 барања, одобрени се само четири. Со тоа, и процентот на одобрување

[5] Трет извештај за евалуација на ГРЕТА за Република Северна Македонија, повеќе на: https://rm.coe.int/greta-evaluation-report-on-north-macedonia-third-evaluation-round/1680aaa573.

барања за паричен надоместок засега е мал, што укажува на рестриктивен закон во кој се бараат докази за одобрување надоместок. Потребно е натамошно следење на имплементацијата на Законот за да се утврди дали е исполнета целта на неговото донесување, односно доделување паричен надоместок во раната фаза на постапката, или, во спротивен случај, ова ќе биде уште една постапка во која жртвите треба да докажуваат дека кривичното дело оставило тешки последици врз нивното физичко или психичко здравје за да добијат 500 евра минимален надоместок како солидарна штета.

## Судска практика

Донесена е пресуда за делото Трговија со луѓе[6], за што е предвидена казна од 6 месеци до 5 години, и едно лице корисник на сексуални услуги е осудено на казна од 6 месеци. Пресудата беше преиначена од Апелациониот суд на една година затвор. Сопругот што ја малтретирал жртвата и ја вршел сексуалната експлоатација е недостапен за органите на прогонот. Преку адвокатот на жртвата, кој е обезбеден согласно Законот за бесплатна правна помош, ставена е забрана за располагање на имотот на сторителот, кој бил стекнат во брак.

Од страна на МЗМП е поднесена апликација до Европскиот суд за човекови права за повреда на членот 4 – Забрана на ропство поради неисполнување на позитивните обврски на државата. Во кривичноправен предмет за дете жртва на питачење, кое било пренесувано во Струга и малтретирано од родителите, домашните судови пропуштиле да ја исполнат својата обврска да извршат превенција, спречување трговија со деца и нивна принудна работа преку питачење. Освен фактот што првостепениот и второстепениот суд прво зазеле став дека станува збор за трговија со дете согласно членот 418-г од Кривичниот законик, потоа според упатствата на Врховниот суд на РСМ одлучиле овој кривичен предмет да го подведат како кривично дело Запуштање и малтретирање дете од членот 201 од КЗ. На овој начин, домашните судови извршиле премногу рестриктивно толкување на штета на жртвата на трговија со луѓе, односно дете, наведувајќи дека не станува збор за трговија со луѓе, туку за запуштање и малтретирање дете од страна на неговите мајка и очув, кои го присилувале на питачење и го малтретирале.

Фактичката состојба на овој предмет е тоа што станува збор за питачење од членот 418-г, т. е. кривично дело што е широко распространето во државата, за кое повеќепати известува Народниот правобранител во своите извештаи и во медиумите, со апел до надлежните институции да преземат мерки за спречување на ова кривично дело. Но, и покрај фактот што нашата држава презела низа мерки за казнување на лицата што тргуваат со луѓе, односно деца, како и мерки за спречување на трговијата и заштита на жртвите, домашните судови ги подведуваат овие предмети под обликот на други кривични дела што поблаго се казнуваат. На овој начин, државата пропушта да влијае врз генералната превенција и сериозното казнување на сторителите на овие кривични дела.

Самиот факт што овие кривични дела се подведуваат како полесни кривични дела согласно КЗ води кон толерирање на оваа сериозна појава од страна на домашните судови. Судовите се свесни за околностите на предметот и знаеле и требало да знаат дека многу деца во нашата земја се во истата

[6] Кривичен законик, член 418-а став 3.

состојба како и апликантот, односно дека децата на улица се потенцијални жртви на трговија со деца и трудова експлоатација, но повторно не ги презеле мерките што произлегуваат од Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе и Протоколот од Палермо, а со тоа сториле повреда на членот 4 став 2 од Конвенцијата.

### ПРЕПОРАКИ

- Идентификација – Проактивна идентификација од страна на надлежните на жртвите на трговија со луѓе (трудова експлоатација и питачење) и користење механизми за скрининг на граничните премини и во камповите, како и во транзитните центри со цел идентификување жртви меѓу мигрантите и бегалците што се во мешаните миграциски движења.
- Заеднички надзори – Спроведување заеднички инспекциски надзори од страна на надлежните институции (МВР и ДИТ) во местата што се ризични и каде што може да има трудова експлоатација, како што се градежништво, текстилна индустрија, туризам, ноќни клубови, со фокус на западниот дел на државата.
- Правна помош – Законодавството треба да даде јасна основа за обезбедување бесплатна правна помош веднаш штом има разумни основи да се верува дека некое лице е жртва на трговија со луѓе и тоа да се применува во практиката.
- Компензација – Потребна е ефективна примена на Законот за исплата на паричен надоместок на жртвите од кривични дела со насилство.
- Потребна е доследна примена на процесните и вонпроцесните мерки за заштита на жртвите и сведоците во кривичната постапка.
- За претпоставените жртви на трговија со луѓе што се странци – Идентификација на жртвите на трговија со луѓе, обезбедување период на закрепнување и рефлексија, психолошка, медицинска и бесплатна правна помош, превод и толкување, кога е потребно, регулирање на престојот на жртвата, право да бара и да ужива азил и целосно почитување на принципот на невраќање (*non-refoulment*).
- Да се обезбеди сместување за машки жртви и за жртви деца и странци.

## ПРАВА ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Правата од социјална заштита се едни од најважните права што ги остваруваат граѓаните. Тие обезбедуваат минимални услови за достоинствен живот, намалување на сиромаштијата и поддршка на ранливите категории граѓани. Во Република Северна Македонија, социјалната сигурност е гарантирана со Уставот[7], а детално е уредена со Законот за социјалната заштита[8], кој предвидува мерки, програми и услуги за заштита од социјални ризици, спречување социјална исклученост и унапредување на квалитетот на животот.

[7] Устав на РСМ, членови 34 и 35.
[8] Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25).

И покрај тоа што законската рамка е солидно поставена, практиката покажува дека има чести повреди на овие граѓански права. Овие повреди се нотирани во Годишниот извештај на Народниот правобранител, во медиумски објави што укажуваат на системски слабости што се повторуваат со години, како и во пресудите донесени од Управниот суд на РСМ.

### Зголемен број поднесени претставки кај Народниот правобранител за повреди на правата од социјална заштита

Според Годишниот извештај на Народниот правобранител за 2024 година[9], бројот на претставки во областа на социјалната заштита е зголемен во однос на претходната година, што упатува на поголем број повреди на правата на граѓаните. Вкупно биле поднесени 114 претставки, од кои 72 се однесувале за остварување парични права од социјална заштита, особено за гарантирана минимална помош и правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице.

Во најголемиот дел од овие случаи, Народниот правобранител утврдил непочитување на законските рокови, одолжување и непостапување, а тоа за корисниците, кои најчесто се ранливи лица со финансиски и здравствени ризици, има непосредни штетни последици. Доцнењата предизвикуваат граѓаните да останат без средства и услуги што им се неопходни за живот, што го нарушува и принципот на правна сигурност.

### Форми на повреда на правата од социјална заштита

Една од сериозните повреди што ја нотирал Народниот правобранител во Годишниот извештај е направена од страна на Центрите за социјална работа, кои на лице во социјален ризик не му дозволиле поднесување ново барање за остварување право на гарантирана минимална помош. Народниот правобранител утврдил дека на лицето му престанало правото на гарантирана минимална помош, при што утврдено било дека неговото домаќинство не може да го остварува ова право во рок од 12 месеци. По истекот на овој рок, на лицето не му било дозволено да поднесе ново барање, со образложение дека се води постапка пред Управниот суд, односно лицето имало поднесено тужба за ова право, која била во тек.

На ваков начин, на граѓанинот не само што му се ускратува правото на помош, туку му се ускратува и правото на правна заштита, а на корисниците што се во сериозен социјален ризик им се нанесува директна штета.

Други повреди што се забележани од Народниот правобранител е повредата на правото на користење паричен надоместок за помош и нега од друго лице. Во овие случаи се одложувале постапките за остварување или продолжување на правото од страна на Центрите за социјална работа поради неможноста навреме да обезбедат наод, оцена и мислење од Стручните лекарски

---

[9] https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/Godisni%20izvestai/GI-2024/GI-2024.pdf.

комисии. Според Народниот правобранител, долготрајното чекање ја нарушува правната сигурност, а кај граѓаните што имаат сериозни здравствени проблеми претставува и ризик по нивниот живот и достоинството. Овој системски проблем повеќе години останува нерешен и бара структурна интервенција и воспоставување соодветен електронски систем за размена на податоци меѓу надлежните органи.

## МЗМП ѝ обезбеди правна помош на самохрана мајка во постапка за издавање изводи на родени за нејзините малолетни деца родени во странство

Управата за водење на матичните книги одбила барање на самохрана мајка за издавање изводи од Матичната книга на родените поради недостиг на валиден документ од таткото, со кого претходно живеела во вонбрачна заедница. По извршено семејно насилство, странката ја напуштила заедницата и самостојно се грижела за издржувањето и воспитувањето на своите деца.

Со оглед на тоа што таткото е со непозната адреса на живеење и против него е изречена пресуда со привремени мерки за заштита од семејно насилство, странката не може да прибави документ што Управата за водење на матичните книги го бара како задолжителен.

По поднесено барање до Центарот за социјална работа за назначување застапник согласно Законот за семејство, странката добила негативен одговор. Со тоа, нејзините деца останаа без изводи, без здравствено осигурување, без можност за запишување во градинка и без пристап до други основни права.

МЗМП подготви претставка до Народниот правобранител, по што странката успеа да ги обезбеди потребните документи за своите деца. На овој начин, децата конечно може да ги остваруваат основни права – здравствено осигурување, право на образование, право на социјална и детска заштита и други социјални услуги.

Објави за прекршувања на човековите права во областа на социјалната заштита во 2025 година:

24 сторија: Институционална битка за помош за нега од друго лице

Укинато правото за помош и нега од друго лице и 4 години институционална битка за повторно одобрување на користење на правото. Станува збор за лице со нарушено психичко здравје, на кое целосно му е одземена деловната способност и кое не е во состојба самостојно да ги извршува секојдневните животни потреби. За негов старател е поставен неговиот брат, кој се грижи за целокупните потреби на лицето на кое му е укинато правото за паричен надоместок за помош и нега од друго лице.

В. С. останува без туѓа нега и покрај четири судски пресуди

Лицето В. С. повеќе од шест години води правна битка за остварување на правото на туѓа нега и покрај четири позитивни пресуди на Управниот суд.

Од друга страна, во нашата држава се овозможувало лица со лажна дијагноза да го користат овој паричен надоместок за помош и нега од друго лице, и покрај тоа што немале право на тоа. Од страна на Обвинителството за организиран криминал и корупција е спроведена истрага поради постоење основано сомнение за сторени повеќе кривични дела со кои е сторена штета на Фондот за здравствено осигурување. Со прикажување лажни дијагнози се овозможувало аплицирање, добивање и користење финансиска помош за туѓа нега на лица и незаконско стекнување и користење инвалидски пензии.[10]

## Пресуди на Управниот суд на РСМ од областа на социјалната заштита (2025 г.)

Во текот на 2025 година до втората половина на ноември, Управниот суд на Република Северна Македонија одлучувал по вкупно 140 тужби поднесени од граѓани од областа на социјалната заштита. Од нив, усвоени биле само триесет и две (32) тужби, односно Судот утврдил дека на граѓанинот му било повредено одредено право од социјална заштита.

Управниот суд во ниту една позитивна пресуда не одлучил мериторно, односно со полна јурисдикција. Во сите случаи, Судот го поништил управниот акт на првостепениот орган и предметите ги вратил на повторно одлучување, давајќи конкретни насоки за правилно утврдување на фактичката состојба и правилна примена на материјалното право. Во сите триесет и две (32) позитивни пресуди, како најчести недостатоци Судот ги наведува недоволно утврдената фактичка состојба, неправилната примена на материјалното право и недоволно образложените одлуки на првостепените органи.

Нашата практика укажува на сериозни системски слабости во почитувањето на пресудите и упатствата на Управниот и Вишиот управен суд. Одлуките на судовите често се игнорираат или се спроведуваат само формално, без суштинско следење на нивната содржина. Ова води до повторени постапки, дополнителен товар за граѓаните и значително пролонгирање на остварувањето на правата од социјална заштита.

Ваквото постапување од страна на првостепените, второстепените органи, како и од Управниот суд го поткопува начелото на правна сигурност и го нарушува владеењето на правото. Во прашање се доведуваат и повеќе начела утврдени во Законот за општата управна постапка, Законот за социјалната заштита, вклучително и начелата на законитост, еднаквост, сервисна ориентираност на јавните органи, економичност и ефикасност на постапката.

[10] Обвинителството за организиран криминал со голема акција низ цела држава – со лажни дијагнози се „цицале" државни пари за туѓа нега и се делеле инвалидски пензии.
Криминална мрежа од 50 луѓе со лажни дијагнози овозможувале користење туѓа нега и инвалидски пензии.

# ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

## Перспективи на ЕК и граѓанскиот сектор за заштита од дискриминација

Според Извештајот на Европската комисија за напредокот на Северна Македонија од 2025 година, државата задржува само умерено ниво на подготовка во областа на фундаменталните права, а недискриминацијата останува сериозен системски предизвик. Иако законската рамка е формално усогласена со европските стандарди, имплементацијата е ограничена поради недоволна координација, недостиг на ресурси и слаб институционален капацитет во телата задолжени за заштита на правата. ЕК укажува дека ранливите групи, особено Ромите, лицата со попреченост и ЛГБТИК+ заедницата и натаму се соочуваат со бариери во пристапот до услуги и правда, а случаите на повеќекратна и интерсекциска дискриминација најчесто остануваат непрепознаени и неадекватно третирани. Во вакви околности, значајна беше и реакцијата на Мрежата за заштита од дискриминација, која во 2025 година укажа дека процесот на избор на нови членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не ги обезбедил потребната стручност, независност и транспарентност, што придонесува за нарушување на кредибилитетот и ефикасноста на институцијата. Мрежата за заштита од дискриминација предупреди дека избраните кадри не секогаш го исполнуваат професионалниот профил предвиден со Законот, што ја продлабочува загриженоста на ЕК во однос на тоа дека телата за заштита од дискриминација немаат доволен капацитет да постапуваат навреме, стручно и во согласност со европските стандарди. Овие наоди заедно укажуваат дека, и покрај законските решенија, недискриминацијата во 2025 година останува област во која се потребни појасни механизми на надзор, посилни институции и доследна политичка волја за да се обезбеди реална и ефикасна заштита на човековите права.

## Клучни трендови и резултати од постапувањето на КСЗД

Во 2025 година, КСЗД објави три квартални извештаи и еден посебен, кои заедно покажуваат јасен пораст на бројот и комплексноста на пријавите за дискриминација. Во текот на деветте месеци се поднесени 318 претставки, а Комисијата донела 228 одлуки, при што дискриминација утврдила во 45 случаи. Најчести основи се попреченост, етничка припадност, пол и личен или општествен статус. Дискриминацијата најмногу се јавува во работните односи, пристапот до услуги, образованието и во здравството. Наодите од сите квартали покажуваат постојан пораст на интерсекциската дискриминација, особено во случаи што ги засегаат жените и лицата од маргинализираните заедници. Специјалниот извештај за Ромките потврдува дека тие се соочуваат со слоевита и долготрајна дискриминација во институциите, вработувањето и во пристапот до јавни услуги. Скопје останува доминантен извор на претставки, додека, пак, во помалите средини и натаму се забележува ниска стапка на пријавување. Старосната група од 31 до 50-годишна возраст е најзастапена меѓу подносителите, што претпоставува најголемо изложување на административни

и работни ризици. Иако Комисијата работи со стабилен интензитет и видлива продуктивност, трендовите покажуваат дека системската дискриминација и натаму е распространета и често се појавува на повеќе основи истовремено. Овие наоди ја истакнуваат потребата од поинтензивна институционална поддршка, подобра координација и интерсекциски пристап во креирањето и спроведувањето на политиките.

## Состојба со родовата еднаквост

Во Извештајот за напредокот на државата за 2025 година, Европската комисија оцени дека Северна Македонија има само умерено ниво на усогласеност во областа на родовата еднаквост, со ограничена имплементација, недоволни институционални ресурси и недоследно интегрирање на родовата перспектива во јавните политики. Во истиот период, Мрежата за заштита од дискриминација и Платформата за родова еднаквост укажаа дека измените на Законот за основното образование и Законот за средното образование и новиот Правилник на МОН за постапување со случаи на насилство во училиштата ги отстрануваат дел од одредбите поврзани со недискриминација и родова чувствителност, како и дека тоа може да има последици врз рамката за заштита на учениците. Извештајот *The Next Wave* на Европскиот парламентарен форум (European Parliamentary Forum) ја позиционира Северна Македонија како дел од поширокиот европски тренд на зајакнување на антиродовите движења, кои увезуваат стратегии и наративи насочени кон оспорување на политиките за еднаквост. Во целина, овие наоди се насочени кон тоа дека политиките за родова еднаквост во 2025 година се развиваат во контекст на институционални ограничувања и зголемен идеолошки притисок.

## Семејно и родово базирано насилство

Во текот на 2025 година, институциите продолжија да се соочуваат со сериозни предизвици во справувањето со семејното и родово базираното насилство, што беше забележано и во Извештајот на Европската комисија, каде што се укажува на ограничени капацитети, недоволна координација и неусогласени постапки меѓу надлежните служби. Според податоците објавени од медиумите и од граѓанските организации, во текот на годината се регистрирани најмалку четири случаи на фемицид, а фемицидот во септември 2025 година, во кој жртвата претходно пријавувала насилство, го отвори прашањето за ефективноста на механизмите за процена на ризик и навремена заштита.

Во овој период беа предложени и измени на Законот за полиција, за кои Националната мрежа против насилство врз жените укажа дека може да создадат дополнителни ризици за жртвите во ситуации каде што сторители се службени лица, но измените беа повлечени по јавните реакции. Граѓанските организации исто така посочија дека дел од подзаконските акти, особено во образованието, не ги препознаваат доволно мотивите поврзани со род или омраза, што може да влијае врз идентификацијата на ризичните случаи. Во споредба со регионалните трендови,

забележано беше и присуство на антиродови наративи што создаваат дополнителни општествени притисоци врз унапредувањето на политиките за превенција и заштита. Во целина, според достапните податоци, постои потреба од посистематско зајакнување на институционалните механизми, подобра меѓусекторска координација и доследна примена на стандардите за заштита на жртвите.

И покрај зајакнувањето на законската рамка во изминатиот период, преку усвојувањето на Законот за превенција, спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, како и усогласувањето на Кривичниот законик со Истанбулската конвенција, во 2025 година државата не обезбеди доволно засолништа, програми за реинтеграција или институционална поддршка за жртвите на родово базирано и семејно насилство. Жените сочинуваат над 70 % од жртвите, а во 2025 година има 4 фемициди.

### Започна образовниот процес за децата во Волковија

Во 2025 година започна имплементацијата на Законот за правда за децата, а Владата го усвои Националниот акциски план за правата на децата 2025–2029. Истовремено, по децениски застој, конечно започна и образовниот процес во воспитно-поправниот дом Волковија.

## ПРАВО НА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Уставот[11] на Република Северна Македонија утврдил дека секој има право на здрава животна средина. Операционализацијата на ова право е развиена со Законот за животната средина, како рамковен закон во оваа област, како и останатите секторски закони, кои пропишуваат обврски за сите субјекти што со своите активности влијаат врз животната средина.

Животната средина го опфаќа просторот во кој сите живи организми, вклучувајќи го и човекот, живеат и опстојуваат. Имајќи предвид дека нашето секојдневие опфаќа искористување на медиумите на животната средина за економска или за друг вид активност, притоа создавајќи процеси и производи што негативно влијаат врз нашето опкружување, заштитата на околината во која живееме е императив.

Европската Унија има опсежна законодавна активност во поглед на заштитата на животната средина со повеќе од 200 различни акти што го регулираат ова прашање и се групирани во Поглавјето 27. Оттука, постигнувањето суштинска заштита на животната средина и усогласувањето со стандардите на Унијата е важен дел од пристапните преговори за членство во Европската Унија.

### Управување со води

[11] Устав на РСМ, член 43.

Плановите за управување со речните сливови сè уште не се изработени и донесени, па токму затоа државата се соочува со значителен предизвик и нецелосност на правната рамка за управување со водните ресурси. Државата сè уште не е целосно усогласена со законодавството на ЕУ во однос на управувањето со водите и нема значителен прогрес во оваа област.[12] Иако во текот на годината беа најавени повеќе активности за реконструкција на водоводните мрежи,[13] сè уште се соочуваме со предизвици во однос на континуирано водоснабдување.[14] Министерството за животна средина и просторно планирање најави повеќе активности за пречистување на отпадните урбани води,[15] но Европската комисија констатира дека тоа е сè уште предизвик во државата.[16]

Годината ја одбележа хаваријата што се случи во март во рудникот „Тораница". Поради пукање на цевка преку која се доведува технолошката вода од таложникот за јамски води до погонот флотација се излеаја отпадни води во Крива Река и во Тораничка Река. Државниот инспекторат за животна средина поведе постапка за спогодување според Законот за животната средина.[17] Градоначалникот на Крива Паланка објави информации од анализи од земени мостри од реките што покажуваат зголемување на концентрациите на тешки метали, па поради тоа Основното јавно обвинителство отвори предистрага.[18] Сè уште нема официјална информација за исходот од предистражната постапка на Јавното обвинителство.

Треба да се напомене дека во октомври беше забележано огромно количество амбалажен пластичен отпад во Вардар, што според Министерството за животна средина и просторно планирање е резултат на неправилното управување со отпадот.[19]

## Управување со отпад

Во изминатите години, преку донаторска помош од Европската Унија и Швајцарскиот државен секретаријат за економски прашања (SECO), како и преку заеми од Европската банка за реконструкција и развој, МЖСПП работело на развој и воспоставување на регионалното управување со отпад. Се очекува до крајот на 2025 година да започнат градежните работи за Централна постројка за управување со отпад за Источниот и Североисточниот Регион и се очекува постројката да биде пуштена во употреба за 18 месеци.[20] Сепак, Европската комисија забележува дека, и покрај значителните финансиски средства што биле искористени, нема напредок во воспоставувањето на регионалното управување со отпад и констатирани се одложувања.[21] Иако

---

[12] Извештај на Европската комисија за прогресот на Северна Македонија за 2025 година, стр. 87, достапно на: https://enlargement.ec.europa.eu/document/download/267b368e-6b55-4a42-bb72-6395593de4da_en?filename=north-macedonia-report-2025.pdf.

[13] Известување на Министерството за животна средина и просторно планирање, достапно на: https://www.moepp.gov.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/novosti/so-sredstvata-od-eib-vo-struga-kje-se-zameni-azbestcementnata-vodovodna-mreza.

[14] Жедни во сопствените домови – Скопје пресушува, Радио Слободна Европа, достапно на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/voda-restrikcii-divi-priklucoci-/33476879.html.

[15] Известување на Министерството за животна средина и просторно планирање, достапно на: https://www.moepp.gov.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/novosti/medziti-kicevo-defitivno-kje-dobie-kolektorski-sistem-i-precistitelna-stanica-29042025.

[16] Извештај на Европската комисија за прогресот на Северна Македонија за 2025 година, стр. 87, достапно на: https://enlargement.ec.europa.eu/document/download/267b368e-6b55-4a42-bb72-6395593de4da_en?filename=north-macedonia-report-2025.pdf.

[17] Известување на Министерството за животна средина и просторно планирање, достапно на: https://www.moepp.gov.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/novosti/200-iljadi-evra-kazna-za-bulmak-poradi-prekrsok-od-treta-kategorija.

[18] Олово и цијанид во Тораничка и Крива Река – кој ќе одговара?, Радио Слободна Европа, достапно на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/cijanid-kriva-reka-rudnik-zagaduvanje-/33368679.html.

[19] Известување на Министерството за животна средина и просторно планирање, достапно на: https://www.moepp.gov.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/soopstenija/soopstenie-vo-vrska-so-pojavata-na-plasticen-ambalazen-otpad-vo-rekata-vardar-i-drugite-pogolemi-i-pomali-vodoteci.

[20] Информација добиена преку барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

[21] Извештај на Европската комисија за прогресот на Северна Македонија за 2025 година, стр. 86, достапно на: https://enlargement.ec.europa.eu/document/download/267b368e-6b55-4a42-bb72-6395593de4da_en?filename=north-macedonia-report-2025.pdf.

беше започнат процесот за носење на Стратегијата за управување со отпад, таа сè уште не е усвоена.[22]

Годината ја одбележаа повеќе предизвици во Скопскиот Регион. Во текот на летните месеци беше забележано палење на депонијата за комунален отпад „Дрисла",[23] а запалувањето на дивата депонија „Вардариште" резултираше со зголемено загадување и забрана за движење во околината.[24] Европската комисија констатира дека јавните претпријатија не функционираат ефикасно,[25] што е една од причините за колапсот во системот за собирање и транспортирање на комуналниот отпад во Скопје.[26] Инспекцискиот надзор за ваквите прашања[27] се покажува како целосно неефикасен.[28] Во текот на годината се случија пожари во отпад во Визбегово, каде што имало и нелегално складирање отпад[29] и во објект за складирање и третман на батерии и електронски отпад во Трубарево.[30] По пожарот во Трубарево, забележани беа зголемени концентрации на загадувачи.[31]

Министерството за животна средина и просторно планирање ја затвори дивата депонија во Никуштак,[32] но потребни се поголеми напори од државата за унапредување на управувањето со отпадот со цел да се превенираат поголеми инциденти што сериозно може да влијаат врз правото на живот и кои досега се забележани во други држави.[33]

## Квалитет на воздухот

Европската комисија забележува дека сè уште е ограничен капацитетот за одржување, функционирање и проширување на системот за мониторинг и структурите што се одговорни за прибирање, обработување и известување за квалитетот на воздухот. Во 10 општини се надминати граничните вредности за емисиите на загадувачи во воздухот, па, според македонското законодавство, мора да имаат соодветни планови за квалитетот на воздухот, но ваквите планови

[22] Информација добиена преку барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.
[23] Известување на Министерството за животна средина и просторно планирање, достапно на: https://www.moepp.gov.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/soopstenija/vonreden-inspekciski-nadzor-na-deponijata-drisla.
[24] Наредба за ограничување на движењето донесена од Министерот за животна средина и просторно планирање, достапна на: https://drive.google.com/file/d/1bU54MD-_PE8vcUEP45pjJgGLtEgCtD0U/view.
[25] Извештај на Европската комисија за прогресот на Северна Македонија за 2025 година, стр. 86, достапно на: https://enlargement.ec.europa.eu/document/download/267b368e-6b55-4a42-bb72-6395593de4da_en?filename=north-macedonia-report-2025.pdf.
[26] Скопје се дави во ѓубре – градот смрди на отпад и на политика, Трн.мк, достапно на: https://trn.mk/skopje-se-davi-vo-gjubre-gradot-smrdi-na-otpad-i-na-politika/.
[27] Известување на Македонското здружение на млади правници, достапно на: https://www.facebook.com/younglawyersmacedonia/posts/pfbid02HuW3Rm6sihNpA678mnLqZ3QCuahQYjz5Ldy1SUP5cqUkbxS5o1TRuW72HQTq9KMJl.
[28] Известување на Македонското здружение на млади правници, достапно на: https://www.facebook.com/younglawyersmacedonia/posts/pfbid032HvwBFac62WPrPwNqpKDJqFVQtvWJUzqf6viBZ1YkByUHps2Z5y5HBhA9oh5dxYnl.
[29] Чадот од Визбегово го „задуши" Скопје, Дојче Веле, достапно на: https://www.dw.com/mk/cadot-od-vizbegovo-go-zadusi-skopje-gorat-stari-vozila-i-se-slusaat-detonacii/a-73213399.
[30] Известување на Министерството за животна средина и просторно планирање, достапно на: https://www.moepp.gov.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/soopstenija/soopstenie-13-09-2025.
Известување на Министерството за животна средина и просторно планирање, достапно на: https://www.moepp.gov.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/soopstenija/soopstenie-za-javnost.
[31] Известување на Министерството за животна средина и просторно планирање, достапно на: https://www.moepp.gov.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/soopstenija/kvalitet-na-vozduxot-vo-trubarevo-rezultati-od-tekovnata-sostojba-i-po-pozarot.
[32] Известување на Министерството за животна средина и просторно планирање, достапно на: https://www.moepp.gov.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/novosti/so-odluka-na-ministerot-izet-medziti-se-zatvora-nesostandardnata-deponija-za-otpad-vo-nikustak.
[33] Прашањето со дивите депонии мора правилно да се затвори пред да дојде до штета, Македонско здружение на млади правници, достапно на: https://myla.org.mk/51473/.

се усвоени во само 7 општини.[34] Министерството за животна средина и просторно планирање објави информации од општините за преземени активности согласно Акцискиот план со краткорочни мерки за чист воздух за грејната сезона 2024–2025 година.[35]

Министерството за животна средина и просторно планирање соопшти дека во следниот период ќе се работи на усогласување на македонското законодавство со европските директиви.[36]

Собранието на Република Северна Македонија во рамките на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот[37] и Комисијата за здравство[38] одржа две надзорни расправи на кои Македонското здружение на млади правници сведочеше за предизвиците во однос на спроведувањето на македонското законодавство и недостатоците во стратегиското планирање на квалитетот на воздухот, системот за мониторинг и интегрираното спречување и контрола на загадувањето, институционалната рамка и инспекцискиот надзор.[39] Собранието треба континуирано да го следи спроведувањето на заклучоците што произлегоа од расправата на Комисијата за здравство.[40]

## Законодавна активност

Во текот на 2025 година беа започнати или завршени повеќе процеси што ја засегаат заштитата на животната средина.[41]

Со предложените измени и дополнувања на Законот за животната средина се предлага изменување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина, но сè уште не се овозможува учество на јавноста и пристапот до правда во однос на елаборатите за заштита на животната средина, за што МЗМП на повеќе начини и во повеќе наврати реагирало во минатото. Меѓу овие измени, Министерството за животна средина и просторно планирање предлага бришење на одредбите за контаминираните подрачја, што може да доведе до правна празнина во

---

[34] Извештај на Европската комисија за прогресот на Северна Македонија за 2025 година, стр. 86, достапно на: https://enlargement.ec.europa.eu/document/download/267b368e-6b55-4a42-bb72-6395593de4da_en?filename=north-macedonia-report-2025.pdf.

[35] Известување на Министерството за животна средина и просторно планирање, достапно на: https://www.moepp.gov.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/soopstenija/del-od-opstinite-dostavija-izvestai-od-akciite-za-pocist-vozdux.
Известување на Министерството за животна средина и просторно планирање, достапно на: https://www.moepp.gov.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/novosti/zasileni-aktivnosti-od-opstinite-za-pocist-vozdux-vo-poslednata-nedela-od-januari.
Известување на Министерството за животна средина и просторно планирање, достапно на: https://www.moepp.gov.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/novosti/prodolzuvat-zasilenite-aktivnosti-na-opstinite-soglasno-akciskiot-plan-za-cist-vozdux.

[36] Известување на Министерството за животна средина и просторно планирање, достапно на: https://www.moepp.gov.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/soopstenija/so-15-milioni-evra-obezbedeni-od-eu-ipa-2-programa-kje-se-podobruva-pravnata-ramka-za-kvalitet-na-vozdux.

[37] Известување за седница на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот, достапно на: https://www.sobranie.mk/detali-na-komisiska-sednica.nspx?sittingId=ff1d2212-116e-4225-993f-a16169580c54.

[38] Известување за седница на Комисијата за здравство, достапно на: https://www.sobranie.mk/detali-na-komisiska-sednica.nspx?sittingId=6950281c-643e-4fb8-b6c7-bdd8485fed4a.

[39] Известување на Македонското здружение на млади правници, достапно на: https://myla.org.mk/51206/.

[40] Извештај од Надзорната расправа на тема „Ефектите од аерозагадувањето во Скопје и во другите градови врз здравјето на луѓето и мерките што се преземаат за заштита на јавното здравје" на Комисијата за здравство, достапен на: https://www.sobranie.mk/preview?id=9c780734-dcaf-4b8b-b612-1c729cf1858e&url=https://sp.sobranie.mk/sites/2023/sittings/638762148961896731/Documents/638853230972223388.doc&method=GetDocumentContent.

[41] Закон за шуми, Закон за геологија, Закон за рударство, Закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина, Закон за користење на енергија од обновливи извори, достапни на: www.ener.gov.mk и Закон за енергетика и Закон за контрола на индустриски емисии, достапни на: www.sobranie.mk.

однос на утврдувањето на обврската и одговорноста за справување со нив. МЗМП поднесе коментари на предложените измени, но сè уште нема добиено никаков одговор.

Иако предложениот Закон за рударство треба да воведе некои одредби што очекувано може да влијаат врз подобра заштита на животната средина, сепак, во голем дел отвора прашања што може да доведат до непоправлива/ненадоместлива штета. МЗМП поднесе коментари на Законот[42], но сè уште нема одговор.

Законот за контрола на индустриски емисии[43] претставува усогласување на државата со правото на Европската Унија, но со воведувањето можност инвеститорите да бараат определени информации да бидат определени како „деловна тајна“ и да не бидат јавно објавени, отвора сериозни прашања во однос на пристапот до информации и суштинското учество на јавноста во донесувањето одлуки.[44]

## Судска заштита на животната средина

Во текот на 2025 година нема значителни подобрувања во однос на судската практика и заштитата на животната средина и човековите права. Во 2021 година, МЗМП поведе судска постапка за повреда на човековите права како резултат на дивата депонија во Струга и неправилното управување со отпад, но во 2025 година таа беше финално отфрлена, поради што МЗМП поднесе жалба до Европскиот суд за човекови права.[45] Претходно, во 2022 година, МЗМП поднесе жалба до Европскиот суд за човекови права во однос на отфрлената тужба за утврдување повреда на човековите права како резултат на аерозагадувањето во Скопје.

Во 2024 година, МЗМП поведе постапки во врска со постапките за оцена на влијанието врз животната средина што се поврзани со изградбата на Коридорите 8 и 10Д, но и по истекот на повеќе од 1 година и 4 месеци, постапките сè уште се во тек. Ваквото постапување укажува на неефикасноста во правната заштита на правата на засегнатата јавност, а кои се гарантирани со македонските закони и Архуската конвенција.

Во 2023 година, МЗМП поднесе тужби до Управниот суд за неизработување на Водостопанската основа на Република Северна Македонија и плановите за управување со речни сливови, како основни документи за заштита и управување со водите. Во 2025 година, ваквите тужби на МЗМП беа отфрлени. Имајќи го предвид ова и околностите што постојат во моментот, може да се заклучи

---

[42] Коментари на Законот за рударство од Македонското здружение на млади правници, достапни на: https://ener.gov.mk/files/Comment/640_%D0%9A%D0%BE%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%B8_%D0%BD%D0%B0_%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D1%82_%D0%B7%D0%B0_%D1%80%D1%83%D0%B4%D0%B0%D1%80%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE_-_%D0%9C%D0%97%D0%9C%D0%9F1324372922.pdf.

[43] Закон за контрола на индустриски емисии, достапен на: https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=84ce8156-87ef-4075-b4ca-5d25490899d0.

[44] Известување на Македонското здружение на млади правници, достапно на: https://www.facebook.com/younglawyersmacedonia/posts/pfbid02zWQ6qtTA9ssyVETkGcJtRs4khUCWFGxhqQktFyT8k6oNXXAWvrme885wYUvDLxKjl.

[45] Известување на Македонското здружение на млади правници, достапно на: https://www.facebook.com/younglawyersmacedonia/posts/pfbid0XwSnwU3LHsGY4hBSyiuSjogspy6SawmYpr6SowvGALVDDhBk9BYcE74QZCdD5r1tl.

дека Начелниот правен став на Врховниот суд од октомври 2024 година не ја унапреди судската практика.

## ПРАВО НА ДРЖАВЈАНСТВО И ПРАВЕН ИДЕНТИТЕТ

Бездржавјанството како проблем е присутно речиси во сите земји во светот. Согласно Конвенцијата на ОН за статусот на лицата без државјанство од 1954 година, бездржавјанството подразбира состојба кога едно лице не е препознаено како државјанин на ниту една држава согласно нејзините закони. Во практиката, тоа подразбира живот во исклученост, сиромаштија, правна невидливост и немање пристап или, пак, ограничен пристап до основните уставни права: право на здравствена заштита, вработување, социјални права, образование и сл., а многу често, лицата без државјанство се и потенцијални жртви на трговија со луѓе поради состојбата во која се наоѓаат, што ги прави особено ранливи.

Мандатот за заштита на правата на овие лица му е доверен на Високиот комесар на Обединетите нации. Согласно податоците на ОН, во јуни 2025 година, 4,4 милиони лица во светот се идентификувани како лица без државјанство. Но, многу веројатно и загрижувачко е тоа што оваа бројка во практиката е поголема, со оглед на тоа што многу лица што се соочуваат со овој проблем, од една страна, живеат во исклученост, а, од друга страна, и самите држави не располагаат со точна бројка на идентификувани лица без државјанство.

### Бездржавјанство

Во текот на изминатите години, започнувајќи од 2023 година, Северна Македонија активно работи во насока на решавање на бездржавјанството и презема значителни чекори со цел ставање крај на проблемот со бездржавјанството во нашата земја, решавање на сите идентификувани случаи на лица без државјанство и во ризик од бездржавјанство, како и спречување идни вакви случаи.

Во 2023 година се изменија четири клучни закони што се директно поврзани со решавањето на бездржавјанството, и тоа: Законот за матичната евиденција, Законот за личната карта, Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните и Законот за странците.

Со помош на измените на Законот за матичната евиденција, околу петстотини лица што беа идентификувани на јавниот повик во 2018 година како незапишани во Матичната книга на родените и беа во ризик од бездржавјанство, успешно беа запишани во Матичната книга на родените во 2023 година и добија прв извод од Матичната книга на родените, а на половина од нив автоматски им беше утврдено и македонско државјанство.

Заложбите за ставање крај на бездржавјанството во Северна Македонија продолжија и во 2025 година, но, за жал, не толку фокусирано и посветено како во претходните години.

Во практиката, констатирано е дека членот 4-а и членот 9 од Законот за матичната евиденција, кои беа предвидени како заштитни механизми од појавата на нови случаи на лица без државјанство, не се применуваат доследно ниту од Управата за водење на матичните книги, ниту од Центрите за социјална работа во насока на одредување посебен старател и успешно завршување на постапките и одредување лично име на овие деца.

МЗМП идентификуваше два нови случаи на деца што се родени по донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција во 2023 година, а кои сè уште не се запишани во Матичната книга на родените согласно овој член.

На наше барање за точна бројка на започнати и завршени постапки во текот на 2024 и 2025 година согласно овој член, не добивме податоци ниту од Управата за водење на матичните книги, ниту од Центрите за социјална работа.

Постои одложување во одредувањето ЕМБГ на деца што за првпат се запишуваат во Матичната книга на родените. Ова непотребно одолжување на постапките на штета на граѓаните како корисници на правата и услугите е токму поради недоволната координација помеѓу Управата за водење на матичните книги и Министерството за внатрешни работи, односно поради недоставувањето на потребните службени документи и информации од страна на УВМК до МВР.

Со цел да се решат овие проблеми, МЗМП, во партнерство со УНХЦР Скопје, во ноември 2025 година одржа заеднички работен состанок со претставници од Управата за водење на матичните книги, МВР, пратеник од Собранието на РСМ и претставници од Центарот за социјална работа.

На состанокот беа презентирани сите проблеми во однос на имплементацијата на членот 4-а и членот 9 од Законот за матичната евиденција, како и проблемите за меѓусебната соработка на одделенијата во УВМК и во МВР што се задолжени за спроведување граѓанска регистрација.

На состанокот, заедничкиот заклучок на сите присутни беше дека се потребни итни законски измени на Законот за матичната евиденција, Законот за семејството и Законот за социјалната заштита, со цел да се усогласат со членовите 4-а и членот 9 од Законот за матичната евиденција, притоа во нив да се потенцира улогата на Центрите за социјални работи во однос на запишувањето деца во Матичната книга на родените и во однос на одредувањето лично име на дете во случаи кога родителите не го запишале детето во законскиот рок.

Забележан е зголемен тренд на административни пречки во постапката за запишување во Матичната книга на родените на деца на македонски државјани, кои живееле во различни градови во Европа и се родени во странство (економски мигранти, повратници во нашата земја). Тоа се лица што поседуваат извод од Матичната книга на родените или друг доказ дека раѓањето е евидентирано, но наидуваат на проблем при спроведувањето на уписот во Матичната книга во нашата земја и при утврдувањето на нивното државјанство. Во овие случаи беше констатирано дека УВМК, спротивно на Законот, одбива да ги прими барањата за спроведување на уписот на овие лица и ги упатува родителите на децата во земјата каде што се родени со цел да се изврши

исправка или дополнување податоци во изводот од Матичната книга на родените добиен во странство или, пак, да се прибави нов извод што не е постар од шест месеци, и слично.

За еден од овие случаи, МЗМП подготви претставка до Народниот правобранител, така што со препораки на НП и со заложби на МЗМП, барањето за поведување постапка за спроведување на уписот на раѓањето беше примено.

Во текот на 2025 година, РС Македонија беше прогласена за прва земја од регионот што ги решила сите идентификувани случаи на бездржавјанство поврзани со распаѓањето на поранешна Југославија. Откако беше донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанството во 2021 година со важење од три години, до август 2024 година, вкупно 317 лица без државјанство добија пристап до македонско државјанство[46].

Во текот на 2025 година, заклучно со ноември, Македонското здружение на млади правници им обезбедило бесплатна правна помош, застапување и советување на 343 лица без државјанство. Започнати се 74 постапки пред институциите за запишување во Матичната книга на родените, признавање татковство, регулирање престој и утврдување/стекнување македонско државјанство.

Идентификувани се 31 ново лице во ризик од бездржавјанство, 40 лица без државјанство добиле македонско државјанство, 19 лица без државјанство го регулирале својот престој како странци и добиле дозвола за привремен престој за странец, а 20 лица биле запишани во Матичната книга на родените и добиле прв извод од Матичната книга на родените како потврда за својот идентитет.

Во рамките на заедничкиот проект со Советот на Европа, „Интеграција на Ромите – фаза III“, чија цел е интеграција на Ромите во Западен Балкан и во Турција, МЗМП организираше пет информативни сесии во Скопје, Куманово, Кичево и во Битола за значењето на граѓанската регистрација. На овие информативни сесии беа присутни претставници на правните клиники, канцелариите за бесплатна правна помош и дел од ромското население од наведените општини што имаат проблем со граѓанска регистрација и државјанство.

## ПРЕПОРАКИ

Со цел да се реши проблемот со бездржавјанството и да се превенираат нови случаи, МЗМП предлага:

- Воспоставување ефикасен систем за граѓанска регистрација и подобрување на соработката помеѓу клучните институции задолжени за граѓанска регистрација (Управата за водење на матичните книги, Министерството за внатрешни работи и Центрите за социјална работа);
- Да се врши надзор врз примената на членот 4-а и членот 9 од Законот за матичната евиденција, со цел да се спречи појава на нови случаи на лица без државјанство;
- Да се воспостави посебна постапка за утврдување статус на лице без државјанство;

[46] https://www.unhcr.org/europe/news/press-releases/north-macedonia-ends-statelessness-caused-yugoslavias-dissolution.

- Да се охрабри Министерството за дигитална трансформација да ги зајакне човечките и институционални капацитети на Управата за водење на матичните книги, со цел да може да спроведува успешна граѓанска регистрација и запишување во Матичната книга на родените;
- Да се охрабрат граѓанските организации да продолжат со обезбедување правна помош и застапување во судски постапки на лицата без државјанство, со цел успешно решавање на нивните предмети, како и идентификување нови случаи;
- Граѓанските организации да дејствуваат во насока на подигнување на свеста за решавање на проблемот со бездржавјанството, значењето на граѓанската регистрација, како и да ги поддржуваат институциите во спроведувањето на законската регулатива и нејзиното менување во насока на решавање на овој проблем.

## ПРАВО НА АЗИЛ И ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА

Во 2025 година, вкупниот број баратели на азил во РСМ согласно податоците на МЗМП е 160, и тоа 101 мажи и 59 жени, од кои 12 непридружувани деца. Во овој период, Секторот за азил донесе само едно решение со кое му додели супсидијарна заштита на едно непридружувано дете од Сирија. Решенијата на Секторот за азил останаа предизвик во однос на тоа што тие се недоволно образложени, без детално истражување за информација на земјата на потекло и почесто осврнување кон патувањето на барателот, отколку вистинскиот страв од прогон или претрпување сериозни последици во земјата на потекло.

Оваа година, поради целосна операционализација на државниот систем за бесплатна правна помош за баратели на азил, МЗМП не прими ниту една пресуда од УС, а од Вишиот управен суд прими само една пресуда од барател на азил застапуван во претходните години. Управните судови продолжија одлучувањето да го засноваат врз техничките аспекти на предметот, без да одлучат мериторно во предметите согласно Законот за управните спорови.

### Оневозможен пристап до пазарот на трудот за барателите на азил

На барателите на азил не им е овозможено остварување на правото на слободен пристап на пазарот на трудот што е предвидено со Законот за меѓународна и привремена заштита. Причината за ова е непостоење законска можност за определување матичен број на барателите на азил, како еден од условите тие да бидат заведени во Агенцијата за вработување на РСМ и да имаат пристап до пазарот на трудот. Барателите на азил, за чие барање за признавање на правото на азил не е донесена одлука од страна на Секторот за азил во период од девет месеци по поднесувањето на барањето, имаат право на слободен пристап до пазарот на трудот. Ваквата ограничувачка одредба ги демотивира барателите на азил во земјава, па затоа најголем дел од нив заминуваат без да го чекаат исходот од постапката.

Потребно е да се измени законската одредба и да се отстрани ограничувањето за слободен пристап до пазарот на трудот по истекот на девет месеци, со цел Секторот за азил да донесе одлука и ова право да трае сè до донесувањето правосилна одлука по барањето за азил.

## Пречки при остварување на правото на државјанство

Во постапките за прием во државјанството на РСМ на лицата со признаено право на азил, иако е постигнат главниот услов за законски престој од 8 години за лице под супсидијарна заштита и 6 години за признаен бегалец во РСМ, како пречки во процесот на натурализација се некои од условите предвидени во Законот за државјанството. Тоа се потребните документи од земјата на потекло: Уверение дека не се води кривична постапка, Уверение од криминално досие и доказ за отпуст од досегашното државјанство. Освен овие документи, Секторот за државјанство при МВР бара и документи од матичната држава што не се предвидени со закон: Извод од Матичната книга на родените и Уверение за слободна брачна состојба. При интеграција на лицата под меѓународна заштита во РСМ, надлежните органи не треба да бараат прибавување документи од земјата на потекло и контакт со земјата од која лицата добиле заштита во друга земја, односно РСМ.

## Права на бегалците од Украина

Во 2023 година, Владата на РСМ со одлука им додели привремена заштита на сите лица од Украина согласно Законот за меѓународна и привремена заштита (ЗМПЗ). Заштитата беше продолжена во 2025 година. Но, и покрај носењето на ваквата одлука, нејзиното спроведување остана предизвик најмногу поради исправата за идентификација, која не е биометриска, за разлика од личната карта, која истите луѓе ја прибавуваат при добивање привремен престој од хуманитарни причини согласно Законот за странците. Според информациите со кои располага МЗМП, приближно 37 лица аплицирале за користење привремена заштита, а останатите речиси 300 лица го регулираа престојот претходно според други основи, најчесто со привремен престој од хуманитарни причини согласно Законот за странците.

Позитивна промена е тоа што законски им се овозможи на лицата под привремена заштита да добијат матичен број, што доведе до премостување на поголемиот број проблеми што беа истакнати во Извештајот за ефикасноста на правната заштита на човековите права на МЗМП во 2024 година.

По добивањето матичен број, лицата под привремена заштита се соочија со предизвици во пристапот до правото на социјално и здравствено осигурување и други права поради непредвиденост на оваа категорија во Законот, вклучително и отворање сметка во банка или заверка на нотар поради тоа што овластените лица не ја препознаваа исправата за идентификација за привремена заштита, која не е биометриска. МЗМП неколку пати интервенираше и во случаи на оневозможен пристап до образование, но на крајот сите деца успешно започнаа да следат редовна

настава. Од друга страна, лицата со привремен престој од хуманитарна заштита, освен што добиваат биометриска лична карта и матичен број, немаат ефикасен пристап до други права – не може да работат, немаат пристап до здравствено или социјално осигурување, ниту, пак, други права.

Токму поради ова, украинските бегалци во државата се во незавидна положба и потребно е да се предвидат законски измени со цел овие лица да имаат ефективен и непречен пристап до правата што им следуваат согласно законите во РСМ.

## Права на странци и мигранти

Кризната состојба на северната и јужната граница на РСМ продолжи и во 2025 година, а статусот на транзитните центри остана недефиниран веќе единаесетта година по ред. Ова е многу важно, бидејќи на овој начин во прашање се доведува почитувањето на човековите права на лицата што се сместени таму. Сместувањето во двата центри се вршеше без утврден правилник или систем за прием на лица.

Во 2025 година не се извршуваа незаконски враќања на лица во движење, ниту, пак, се спроведуваа договори за реадмисија со соседните држави, освен во многу ретки случаи, кога станува збор за деца. Најчесто лицата сместени во Транзитниот центар Винојуг сами и доброволно го напуштаат центарот. Фронтекс стана оперативен на јужната граница од април 2023 година, со што се подобри процедурата за профилирање на лицата во движење. Дел од лицата што биле пресретнати и откриени од страна на полицијата за време на акциите за спречување криумчарење мигранти биле пратени и сместени во Транзитниот центар Винојуг, од каде што најчесто самите си заминувале за Република Грција. Вкупниот број регистрирани и заминати лица од ТЦ Винојуг е 3 573.

Продолжи трендот на задржување на сведоците во кривични постапки против сторителите на кривичното дело Криумчарење мигранти. Но, мора да се забележи дека оваа година раководството на Центарот одлучи дека во него повеќе нема да се задржуваат непридружувани деца, а тоа е практика што беше забележувана секоја година. Оттука, во 2025 година не се задржуваа непридружувани деца. Иако во многу мал број, беа задржани придружувани деца, односно деца заедно со нивните фамилии.

МЗМП забележува само дека оваа практика треба да биде регулирана со закон или со подзаконски акт, бидејќи таа зависи од моменталниот став на Центарот и не постои гаранција дека при идни промени на структурите во него нема да се промени и дека нема повторно да се задржуваат непридружувани деца како сведоци. Кога станува збор за деца, тоа е недозволиво и потребно е да се најдат алтернативи за нивно сместување, а не нивно задржување во Прифатниот центар за странци. Задржувањето на децата во центар чии услови се слични на затворските никогаш не е во најдобар интерес на децата и оваа практика мора итно да престане. Согласно податоците на МЗМП, досега биле задржани вкупно 9 деца.

Лицата фатени со криумчарски групи беа пренесувани до Прифатниот центар за странци, каде што беа задржувани како сведоци. На лицата не им беше дозволено да поднесат барање за азил пред да дадат изјава пред надлежен јавен обвинител. Овие лица немаат ефективен пристап до правна помош за задржувањето и правото на жалба им е ограничено. По давањето изјава, тие најчесто се пуштани од Центарот преку поднесување барање за азил. Позитивна промена е тоа што лицата што беа задржани во Центарот како сведоци се задржуваа за многу краток период и најчесто беа спроведувани за еден до два дена.

## ПРАВО НА ПРИВАТНОСТ И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

### Системски слабости во законската и во институционалната рамка

Во 2025 година, правото на приватност остана сериозно ранливо. Европската комисија повторно нотираше дека законската рамка не е целосно усогласена со Општата регулатива за заштита на податоци (GDPR) и со Директивата за полициска и правосудна соработка, а измените на Законот за заштита на личните податоци, со кои се овозможи пренос на податоци кон земји на НАТО, беа усвоени без претходна стручна консултација со Агенцијата за заштита на личните податоци и без механизми за гарантирање еквивалентна заштита.[47]

Институционалната стабилност беше нарушена поради тоа што речиси во текот на целата година Агенцијата функционираше без директор (до 5 декември 2025 г.[48]), а тоа ги забави надзорот и континуитетот во работењето. Одлуката на Владата да ја исклучи Агенцијата од процесот на системски консултации ја намали нејзината улога како независен регулатор. Недостигот на буџетска автономија, кадровски ресурси и технички капацитети се одразува врз целокупното спроведување на Стратегијата за заштита на личните податоци 2025–2030.[49]

Како резултат на овие системски слабости, многубројни инциденти со лични податоци остануваат непријавени, а институциите често немаат капацитет да реагираат навреме или координирано. Ниското ниво на дигитална свест дополнително го зголемува ризикот за граѓаните.

### Зголемен број злоупотреби на личните податоци и недоволна заштита на граѓаните

Во 2025 година се забележува значителен пораст на злоупотреби на личните податоци, што укажува на пропусти во системите за заштита и во механизмите за институционален одговор. Агенцијата за заштита на личните податоци регистрирала висок број претставки за лажни и

---

[47] European Commission, "2025 Report on North Macedonia", достапно на: https://enlargement.ec.europa.eu/document/download/267b368e-6b55-4a42-bb72-6395593de4da_en?filename=north-macedonia-report-2025.pdf.
[48] „Јавен повик за избор на директор на Агенцијата за заштита на личните податоци", Собрание на Република Северна Македонија, 2023. Достапно на: https://www.sobranie.mk/preview?id=230d7237-708a-429a-a649-d1ac02936436&url=https://sp.sobranie.mk/sites/2023/materials/638986789064532981/Documents/639003533949812471.pdf&method=GetDocumentContent.
[49] European Commission, "2025 Report on North Macedonia", стр. 36.

хакирани профили, неовластено објавување фотографии и видеа, уцени и дигитално вознемирување – вклучително и претставки што се однесуваат на деца и на политички злоупотреби на податоците во изборен контекст.[50]

Секторот за компјутерски криминал при МВР укажа на пораст на фишинг-измами и манипулации што таргетираат граѓани преку електронска пошта, социјални мрежи и телефонски повици.[51] Загрижува фактот што се забележани и случаи на злоупотреба на дипфејк-видеа, особено насочени кон здравствени работници, со цел лажно рекламирање производи и манипулација со јавноста.

Исто така, видлив е трендот на злоупотреба на лични документи за подигнување „брзи кредити" на туѓо име. Жртвите, кои најчесто се економски ранливи лица, оставаат копии од документи со надеж за работа или заработка, по што следува подигнување кредити без нивна согласност. Во една од најголемите истражни постапки беше поведена истрага против 43 лица за компјутерска измама, фалсификување исправи и масовна злоупотреба на лични податоци.[52]

Злоупотребите не се ограничени на приватниот сектор. Во здравствените установи беа откриени случаи на фиктивно евидентирање медицински услуги на име на пациентки, со што се отвора прашањето за интегритетот на здравствените бази на податоци. Слични проблеми се појавија и во социјалниот сектор, каде што лични податоци на корисници биле користени без нивно знаење за административни или финансиски трансакции.[53]

Иако полицијата и обвинителството постапуваат во дел од случаите, реакцијата често доаѓа дури по настаната штета. Ниту еден од овие трендови не доби системски одговор што во иднина би го намалил ризикот за граѓаните.

## Недоволна усогласеност и ризици од новиот Закон за електронските комуникации

Во 2025 година, Собранието усвои нов Закон за електронските комуникации, делумно одговарајќи на забелешките на Уставниот суд поврзани со масовното и неселективно задржување метаподатоци.[54] Новиот член 206 воведува построги правила за безбедност и уништување на податоците, како и рокови за уништување на податоците до кои пристапиле органите – чекор што претставува делумно приближување кон европските стандарди.[55]

---

[50] „Лажни содржини за брза заработка креирани со вештачка интелигенција го окупираат интернет-просторот", Libertas.mk, достапно на: https://libertas.mk/lazhni-sodrzhini-za-brza-zarabotka-kreirani-so-veshtachka-intelegenci-a-go-okupiraat-internet-prostorot/.

[51] „Апел до граѓаните да внимаваат на лажни е-пораки и фишинг-линкови", Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, достапно на: https://mvr.gov.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/novosti/apel-do-gragjanite-da-vnimavaat-na-lazni-e-poraki-fising-linkovi.

[52] „МВР поднесе кривични пријави до ОЈО за 43 лица поврзани со измами со брзи кредити", TV21.mk, достапно на: https://mk.tv21.tv/mvr-podnese-krivichni-prijavi-do-ojo-za-43-litsa-povrzani-so-izmami-so-brzi-krediti/.

[53] „На туѓо име: матичен гинеколог правел „бесплатен" ПАП-тест – сведоштво за Телма", Telma.com.mk, достапно на: https://telma.com.mk/2025/06/14/na-tugo-ime-matichen-ginekolog-pravel-besplaten-pap-test-svedoshtvo-za-telma/.

[54] Уставен суд на Република Северна Македонија, Поведена постапка за три членови од Законот за електронските комуникации што опфаќаат задржување „метаподатоци" кај операторите, достапно на: https://ustavensud.mk/archives/30476.

[55] Закон за електронските комуникации, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 135/2025, објавен на 4 јули 2025 г., достапно на: https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/zakoni-mdt-file-dXJ8.pdf.

Сепак, суштинските проблеми опстојуваат. Законот и натаму дозволува општо задржување податоци за сите корисници, без врзување за сериозни кривични дела, без конкретни индиции и без задолжителна индивидуализирана судска одлука за пристап до податоците. Тоа остава можност за непропорционално и масовно мешање во приватноста, што е спротивно на уставните стандарди и практиката на Европскиот суд за човекови права.

## Дигиталното насилство врз жени и девојки како сериозен облик на нарушување на приватноста

Паралелно со општите системски слабости, во 2025 година МЗМП забележа алармантно зголемување на случаи каде што нарушувањето на приватноста претставува основа за дигитално насилство врз жени и девојки. Случаите вклучуваа преземени профили, неовластено споделување интимни фотографии, дигитална контрола од поранешни партнери, уцени и различни форми на манипулација со лични податоци.[56]

Овие случаи, кои ни беа пријавени директно од жртвите, јасно покажуваат дека нарушувањето на приватноста не е само техничко или административно прашање, туку прашање на безбедност, достоинство и родова еднаквост. Непостапувањето или доцнењето на институциите дополнително го зголемува ризикот од повторена виктимизација.

Иако најавените измени на Кривичниот законик треба да воведат јасни инкриминации за современите форми на дигитално насилство, вклучително и злоупотребата на интимни снимки и дипфејк-содржини,[57] тие сè уште не се донесени. Дотогаш, жените продолжуваат да се соочуваат со ситуации во кои правната заштита е недоволна, а институционалните механизми се бавни и недостапни.

---

[56] Интерни податоци од работата на МЗМП со жртви на дигитално насилство (2025 г.).
[57] Интерни податоци од работата на МЗМП со жртви на дигитално насилство (2025 г.).

# ДЕЛ 2 – ЕВРОПСКИ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

## ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во текот на 2025 година[58], во вкупно 6 жалби по кои одлучувал Европскиот суд за човекови права (Судот), констатирал повреда на човековите права и слободи загарантирани и заштитени со Европската конвенција за човекови права (Конвенцијата).[59]

Судот утврдил повреда на правата од Конвенцијата од страна на домашните институции, односно државата, и тоа: на правото на правична судска постапка (член 6), заштитата на сопственоста (член 1 од Протоколот 1) и правото на почитување на приватниот и семејниот живот (член 8). Врз основа на пресудите на Судот, а поради повреда на човековите права и слободи загарантирани со Конвенцијата, државата била задолжена од буџетот да плати вкупно 848.535 евра. Притоа, оваа сума значително би се намалила за 774.000 евра доколку државата одлучи во еден од предметите да им обезбеди на жалителите земјиште на истата локација и со истите карактеристики и вредност како спорното земјиште во предметот.

Судот донел 11 одлуки врз основа на постигната пријателска спогодба помеѓу државата и апликантот[60], и државата била задолжена да плати вкупно 332.599 евра согласно овие спогодби. Пријателските спогодби се однесуваат на права поврзани со правична судска постапка, забрана на дискриминација, забрана на мачење, права на слобода и безбедност и заштита на сопственоста.[61]

Половина од предметите (50 %) се однесуваат на повреда на правото на правична судска постапка (член 6). Според застапеноста, следни се повредите на правото на сопственост (член 1 од Протоколот 1) со **22 %**, додека, пак, повредите на правото на приватен и семеен живот (член 8) и забраната на нечовечко постапување (член 3) се застапени со по 11 %. Најмалку повреди се утврдени во однос на правото на слобода и безбедност (член 5), со застапеност од 6 %.

Вкупно, државата треба да исплати 1.181.134 ЕУР. Износот што државата го исплатила во 2025 година е за околу 46 % понизок во споредба со 2024 година, кога биле исплатени 2.173.215 ЕУР. **31 % од вкупниот износ е за повреди на правото на правична судска постапка (член 6).**

---

[58] Наведените податоци се во периодот од 1.1.2025 до 4.12.2025 година.

[59] https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22languageisocode%22:[%22ENG%22],%22respondent%22:[%22MKD%22],%22documentcollectionid2%22:[%22JUDGMENTS%22],%22kpdate%22:[%222025-01-01T00:00:00.0Z%22,%222025-12-04T00:00:00.0Z%22]}.

[60] „Спогодба за пријателско решавање на предметите“ е изјава со која Владата на РСМ се обврзува да му исплати на жалителот определен износ парични средства или, пак, преку домашните судови и државните органи да преземе извршување определени дејства, за сметка на што жалителот се обврзува да престане со натамошни постапувања и барања пред Судот против Република Македонија во односниот предмет, со што се постигнува конечно решавање на предметот.

[61] https://hudoc.exec.coe.int/ENG#{%22execdocumenttypecollection%22:[%22CEC%22],%22execfinaljudgmentdate%22:[%222025-01-01T00:00:00.0Z%22,%222025-12-04T00:00:00.0Z%22],%22execlanguage%22:[%22ENG%22],%22execstate%22:[%22MKD%22],%22exectype%22:[%22FS%22]}.

Поголемиот дел, односно 68 % се однесуваат на повреда на правото на сопственост, при што во еден од предметите, надоместувањето може да биде реализирано и преку обезбедување имотна вредност наместо паричен надоместок.

| Реден број | Име на пресуда | Број на апликација | Датум на донесување | Право повредено од ЕКЧП | Вкупен износ на штета и трошоци на постапката | Надзор од Комитетот на министри | Квалификација на предметот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **К. М. против Северна Македонија** | *59144/16* | 04/06/2025 | Право на почитување на приватниот и семејниот живот (член 8) | 4.500 **ЕУР** | Стандарден надзор | Водечки предмет |
| **2.** | **М. Л. против Северна Македонија** | *30206/23* | 24/09/2025 | Право на почитување на приватниот и семејниот живот (член 8) | 5.960 **ЕУР** | | |
| **3.** | **Насков и други против Северна Македонија** | *31620/15*, *34859/15* и *14659/16* | 21 October 2025 | Заштита на сопственоста (член 1 од Протоколот 1) | 774.000 **ЕУР** | Стандарден надзор | Водечки предмет |
| **4.** | **Рибарев против Северна Македонија** | *39987/22* | 13 November 2025 | Право на правична судска постапка (член 6) | / | / | / |
| **5.** | **Илиевска и Здравева против Северна Македонија** | *19689/21* и *42794/22* | 13 November 2025 | Право на правична судска постапка (член 6) | 4.575 **ЕУР** | Затворен предмет | Повторувачки предмет |
| **6.** | **АД Осигурителна полиса и други против Северна Македонија** | *62544/19* и *6430/20* | 18 November 2025 | Право на правична судска постапка (член 6) и Право на почитување на приватниот и семејниот живот (член 8) | 595.000 **ЕУР** | Нов случај | Нов случај |

Заклучно со септември 2025 година, за вкупно 520 апликации (жалби) против РСМ, Судот сè уште нема донесено конечна одлука или пресуда.[62]

Во продолжение следува табела што содржи информации за 6 мериторни пресуди, која вклучува: назив на пресудите, број на апликациите, датум на донесување на пресудите, за кое право што го заштитува Конвенцијата е утврдена повреда и досудениот износ за утврдената повреда. Исто така, наведено е и под каков надзор се извршувањето на пресудата од страна на Комитетот на министри и квалификацијата на предметот.

[62] https://www.echr.coe.int/Documents/CP_Republic_of_North_Macedonia_ENG.pdf.

Во продолжение на овој документ се наоѓа краток приказ на еден предмет од 2025 година. ЕСЧП донесе пресуда со која се констатира повреда на правото на приватен живот поради недоволната кривичноправна заштита за полови дејства врз дете. Предметот е под стандарден надзор од страна на Комитетот на министри, а притоа е квалификуван како водечки предмет. Следствено, во овој предмет се идентификувани структурни проблеми во националниот систем за заштита, чие извршување бара преземање општи мерки.

## К. М. против Северна Македонија (бр. 59144/16)

### Околности на случајот

На 31.8.2013 година, Ѓ. К. (39), вработен во телекомуникациска компанија, дошол во домот на апликантката за да ја обноват интернет-врската. Апликантката била малолетна кога останала сама со Ѓ. К., кој до неа упатил непристојни коментари за нејзиниот изглед, односно дека нејзините нозе се убаво исончани, а потоа ја допрел на нозете. Апликантката иако имала обид да се оддалечи, тој продолжил да ја следи, при што ѝ рекол дека е нормално што мажите ја сакаат затоа што има големи гради, а потоа почнал да ѝ ги масира рамената и да ги допира нејзините гради. Апликантката избегала од просторијата. Подоцна истиот ден, Ѓ. К. наводно ја допирал и сестрата на апликантката на несоодветен начин.

На 2 септември 2013 година (од страна на сестрата на апликантката) била поднесена пријава до Министерството за внатрешни работи против Ѓ. К. за полов напад врз малолетно дете. Следниот ден, од страна на полициски службеник била земена изјава од Ѓ. К., кој негирал дека ги допирал апликантката и нејзината сестра. На 28 октомври 2013 година, апликантката разговарала со јавен обвинител, го прераскажала настанот и навела дека тој не ѝ се заканувал и не употребил сила. Подоцна, друг јавен обвинител извршил разговор со Ѓ. К., кој повторно ги негирал обвинувањата.

На 6 ноември 2013 година, обвинителот ја одбил кривичната пријава против Ѓ. К. за делото Силување, тврдејќи дека за да постојат елементи на делото Силување, половото дејство мора да биде извршено со употреба на сила или закани, а во конкретниот случај, „во моментот и на местото, [Ѓ. К.] со едната рака ја допрел едната града и ја галел ногата на [апликантката], која имала 14 години... без употреба на сила или закани...“, и со тоа се смета дека ваквите постапки не претставуваат елементи на делото Силување, туку елементи на делото Навреда, што се гони по приватна тужба.

Во граѓанска постапка, апликантката побарала надоместок на нематеријална штета и побарала Судот да го огласи Ѓ. К. за виновен за навреда и за нанесување штета на нејзините чест и углед. Основниот суд го одбил тужбеното барање на апликантката, оценувајќи дека опишаните дејства не

спаѓаат во рамките на граѓанска одговорност за навреда и клевета и навел дека според Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, лицето може да биде одговорно за изразено мислење, но не и за конкретно дејство. Судот заклучил дека нема основ за компензација. Апликантката поднела жалба, наведувајќи дека деградирачките и понижувачки дејства врз телото на личноста претставуваат навредливо однесување и дека треба да се земат предвид сите околности, како што се возраст, место, време и локални обичаи. Апликантката истакнала дека во случај на правна празнина, Судот треба директно да ги примени Конвенцијата и практиката на Судот.

Апелациониот суд ја одбил жалбата, утврдувајќи дека не ги докажала конститутивните елементи на делото Навреда, ниту постоењето причинско-последична врска помеѓу дејствата на Ѓ. К. и штетата што наводно ја претрпела.

## Наводна повреда на членот 8 од Конвенцијата

Апликантката се жалела според членот 1 од Протоколот бр. 12, тврдејќи дека нејзиното право на заштита од полов напад не било обезбедено и дека била лишена од правна заштита. Судот, разгледувајќи ја жалбата, оценува дека според соодветноста би било појасно да се испита според членот 8 од Конвенцијата.

## Оцена на Судот

Судот констатирал дека по инцидентот, апликантката покренала кривична постапка, при што обвинителот заклучил дека нема елементи на дело што се гони по службена должност, но наведува дека постојат елементи на навреда. Бидејќи ова кривично дело било декриминализирано речиси една година претходно, единствената можност за апликантката била граѓанска постапка за утврдување одговорност. Судот оценува дека прибегнувањето кон граѓанска постапка било разумно и дека правилото за шест месеци е почитувано. Судот оценил дека аргументот на апликантката во однос на тоа дека постоела правна празнина во казненоправниот систем претставува елаборација на жалбата во врска со наводниот недостиг на правна заштита што ја дава домашниот правен систем против дејствата на Ѓ. К.. Судот образложил дека апликантката не била должна да користи други правни лекови со иста цел, па затоа не постои повреда во однос на исцрпувањето на домашните правни средства.

Судот нагласува дека при сериозните дејства како што се силување и други форми на полово вознемирување и полова злоупотреба на деца, каде што се загрозуваат фундаменталните вредности и суштинските аспекти на приватниот живот, земјите членки треба да воспостават соодветни кривичноправни одредби за ефикасно казнување на половата злоупотреба на деца и

дека тие се применуваат во практиката преку ефективна истрага и гонење. Позитивната обврска на државата според членовите 3 и 8 за заштита на физичкиот интегритет на поединецот се протега и на ефикасноста на кривичната истрага и можноста за добивање репарација и обесштетување, иако не постои апсолутно право на кривично гонење или осуда кога нема идентификувани виновници.

Судот потенцира дека обврските преземени од државата според членовите 3 и 8 од Конвенцијата во случаи на наводна полова злоупотреба на деца бараат почитување на најдобрите интереси на детето, како и дека правото на човечко достоинство и психолошки интегритет бара особено внимание кога детето е жртва на насилство. Судот повторува дека позитивните обврски на државите членки според членовите 3 и 8 од Конвенцијата мора да се сметаат како барање за криминализација и ефикасно гонење на секој сексуален чин без согласност.

Судот констатира постоење на неконсензуален полов физички контакт (допирање на нејзините гради, рамена и нозе) придружен со изјави со полова конотација. Овие дејства несомнено се однесувале на интимни аспекти од приватниот живот на апликантката, која во моментот била малолетна (14-годишна возраст), предизвикувајќи кај неа страв, психолошка вознемиреност и потреба од медицински третман. Според тоа, Судот смета дека секое намерно полово дејство без согласност извршено врз друго лице претставува сексуално насилство и треба да се криминализира. Судот заклучил дека „важечката казненоправна рамка не нуди никаква заштита за полови дејства без согласност, без употреба на сила или закани врз лице што навршило 14-годишна возраст, како што беше случајот со апликантката“. Домашната казненоправна рамка во моментот на инцидентот не овозможила соодветна заштита на правата на апликантката според членот 8 од Конвенцијата, а отфрлањето на нејзината кривична пријава претставува несоодветно спроведување на начелото за најдобар интерес на детето.

Судот утврдил дека граѓанскиот правен лек, според Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, не ѝ овозможил заштита на апликантката од наводните дејства.

Според мислењето на Судот, иако Владата тврдела дека апликантката располагала со соодветна заштита според граѓанското право, тоа тврдење не било поткрепено со домашната судска практика, ниту, пак, било земено предвид од домашните судови, и утврдил дека „барањето за граѓанска компензација за заштита на личните права немало никаква перспектива за успех во случајот на апликантката или, како алтернатива, дека Апелациониот суд не извршил доволно темелна процена на околностите на нејзиниот случај при носењето на тој заклучок“.

Судот заклучил дека домашното граѓанско право, како што се применува од домашните судови, не ѝ овозможило на апликантката соодветна заштита од полова злоупотреба и ефикасна заштита на личниот интегритет, поради што констатира повреда на членот 8 од Конвенцијата.

### Одлука на Судот

Судот утврдил повреда на членот 8 од Конвенцијата, односно правото на почитување на приватниот и семејниот живот. Досудена е нематеријална штета во износ од 4.500 евра.

## ИЗВРШУВАЊЕ ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Практиката на Судот ја прави Конвенцијата моќен инструмент за ефикасно соочување со нови предизвици и унапредување на човековите права. Откако Судот ќе констатира повреда на правата загарантирани со Конвенцијата, државата, односно институциите што ја направиле повредата имаат обврска да ги спроведат пресудите на Судот. Доцнењето или неспроведувањето на пресудите доведува до продолжени повреди на владеењето на правото и човековите права и има трајни последици за поединците што се лишени од навремена правда.

Конечните пресуди на Судот му се доставуваат на Комитетот на министри, кој го надгледува нивното извршување во државата, меѓутоа, исто така, Комитетот го надгледува и извршувањето на одлуките на Судот донесени врз основа на пријателско спогодување помеѓу државата и апликантот. Комитетот не го следи извршувањето на одлуките донесени врз основа на унилатералните декларации со кои се признаваат повредите на Конвенцијата, меѓутоа доколку државата не ги реализира нејзините преземени обврски, апликантот има право да побара предметот да биде вратен на листата на предмети пред Судот.

Вкупно 31 пресуди и 10 одлуки се во тек на извршување и се под надзор на Комитетот на министри. Комитетот го врши надзорот под зајакната или стандардна процедура. Од вкупниот број пресуди и одлуки, 5 се под зајакнат надзор[63], 29 се под стандарден надзор[64], а за 7 нови случаи не е утврдено под каков надзор ќе бидат[65]. Пресудите на Судот имаат квалификација на водечки и повторувачки

63 https://hudoc.exec.coe.int/#{%22execdocumenttypecollection%22:[%22CEC%22],%22execlanguage%22:[%22ENG%22],%22execstate%22:[%22MKD%22],%22execsupervision%22:[%22ENHA%22],%22execisclosed%22:[%22False%22]}.

64 https://hudoc.exec.coe.int/#{%22execdocumenttypecollection%22:[%22CEC%22],%22execlanguage%22:[%22ENG%22],%22execstate%22:[%22MKD%22],%22execsupervision%22:[%22STAND%22],%22execisclosed%22:[%22False%22]}.

65 https://hudoc.exec.coe.int/#{%22execdocumenttypecollection%22:[%22CEC%22],%22execlanguage%22:[%22ENG%22],%22execstate%22:[%22MKD%22],%22execsupervision%22:[%22NEW%22],%22execisclosed%22:[%22False%22]}.

предмети. Од вкупниот број пресуди, 20 се водечки предмети[66] и 10 се повторувачки предмети[67], додека, пак, 10 се предмети со пријателска спогодба.[68]

Следењето на извршувањето на пресудите пред Комитетот на министри се спроведува преку доставување акциски планови и извештаи од страна на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП. Во текот на 2025 година, државата има доставено 8 акциски планови[69] и 3 акциски извештаи до Комитетот на министри, во кои се предвидени индивидуалните и општите мерки што државата ги презела или планира да ги преземе со цел отстранување на настанатата повреда, како и спречување настанување исти или слични повреди во иднина.

Комитетот на министри има донесено 5 финални резолуции[70] со кои го затвора надзорот над извршувањето на предметите, ценејќи дека се преземени сите мерки што се потребни за отстранување на повредата и спречување идни слични повреди.

[66] https://hudoc.exec.coe.int/#{%22execdocumenttypecollection%22:[%22CEC%22],%22execlanguage%22:[%22ENG%22],%22execstate%22:[%22MKD%22],%22execisclosed%22:[%22False%22],%22exectype%22:[%22L%22]}.

[67] https://hudoc.exec.coe.int/#{%22execdocumenttypecollection%22:[%22CEC%22],%22execlanguage%22:[%22ENG%22],%22execstate%22:[%22MKD%22],%22execisclosed%22:[%22False%22],%22exectype%22:[%22R%22]}.

[68] https://hudoc.exec.coe.int/#{%22execdocumenttypecollection%22:[%22CEC%22],%22execlanguage%22:[%22ENG%22],%22execstate%22:[%22MKD%22],%22execisclosed%22:[%22False%22],%22exectype%22:[%22FS%22]}.

[69] https://hudoc.exec.coe.int/#{%22execdocumenttypecollection%22:[%22acp%22],%22execlanguage%22:[%22ENG%22],%22execstate%22:[%22MKD%22]}.

[70] https://hudoc.exec.coe.int/#{%22execdocumenttypecollection%22:[%22res%22],%22execlanguage%22:[%22ENG%22],%22execstate%22:[%22MKD%22]}.